**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 декември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Дами и господа пратеници, ја отворам 16-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Бесим Догани, Владо Бучковски, Никола Ќуркчиев, Андреј Жерновски, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Панче Дамески, Али Ахмети, Теута Арифи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот на гласање за да го утврдиме бројот на присутни патеници во салата.

(нема доволен број)

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

На седницата присуствуваат 77 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Судскиот буџетски совет.

Записниците од Шестата, Петнаесетата и Осунаесетата седница на Собранието ви се доставени.

Дали има некој забелешки на записниците? (нема)

Констатирам дека записниците од Шестата, Петнаесетата и Осунаесетата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Пратениците Трајко Вељановски, Ружди Матоши, Весна Јаневска, Иван Анастасовски и Роза Топузова Каревска предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за огласување, именување на Јавен обвинител на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор Трајко Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе,

Како што е познато и на Собранието и на јавноста Јавниот обвинител на Република Македонија е разрешен од Собранието, со оглед на тоа дека е разрешен до сега не е поставен нов Јавен обвинител. За да може да се постави нов Јавен обвинител треба да се распише оглас на кој ќе бидат пријавени кандидатите и врз основа на пријавените кандидати Владата да достави предлог до Собранието на Република Македонија.

Со оглед на тоа што е наметната таа потреба, мислам дека на оваа седница од итен карактер да се донесе таа одлука за огласување и именување на Јавен обвинител на Република Македонија за да започне постапката во однос на именувањето на Јавниот обвините. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на групата пратеници Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Повелете Цветанка Иванова, процедурално.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе, ако го видовте Предлогот за дополнување за оваа точка на денешната седница ќе видите дека пратеничката група на СДСМ го нема потпишано овој предлог. Причини зошто не сме го подржале овој предлог се следните:

На 7 декември 2005 година Собранието во претходниот состав.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, објасненијата зошто не сте го потпишале се друга работа. Добро повелете.

**Цветанка Иванова:** Момент, морам да кажам зошто не треба да биде на дневен ред.

Значи на 7 декември прогласивме уставни амандмани за реформи во судскиот систем неколкуте уставни амандмани се однесуваа на Јавното обвинителство.

**Љубиша Георгиевски:** Кажете ми што спорите во процедурата.

**Цветанка Иванова:** Значи со уставните амандмани сакавме да имаме реформи во Јавното обвинителство.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам кажете што имате по процедурата. Кажете ја темата на вашата процедура.

**Цветанка Иванова:** Почекајте претседателе, ќе ви кажам. Ве молам господине претседателе, согласно амандманот 30 со кој се менува членот 106 од Уставот кој се однесува на Јавното обвинителство постапката на избор и разрешување на Јавен обвинител на Република Македонија се уредува со Закон за јавно обвинителство кој се донесува со двотретинско мнозинство. Во моментов ниту имаме добиено, ниту имаме на дневен ред ставено нов Закон за јавно обвинителство, а уште повеќе ниту е формиран Јавно-обвинителскиот совет кој што треба да дава мислење при изборот на јавните обвинители.

**Љубиша Георгиевски:** Видете, ова се е дискусија која вие...

**Цветанка Иванова:** Ова не е дискусија. Ви кажувам зошто не треба да биде ставено на дневен ред. Разликувајте што е дискусија што се аргументи зошто одредена точка не може да биде ставена на дневен ред. Затоа што немаме ниту уставна основа ниту законска основа. Не ни е регулирано ова прашање се уште и затоа не можеме да вршиме избор и да ставиме точка на дневен ред, а не дека не сакаме тоа да го направиме во функција на борба против организираниот криминал.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на групата пратеници за одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикува да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 46, воздржани нема, против 20.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратениците Трајко Вељановски, Ружди Матоши, Весна Јаневска, Славица Грковска, Иван Анастасовски и Роза Топузова Каревска предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за огласување именување на членови на Државата комисија за спречување на корупција.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор Трајко Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе,

Познато ни е со измените и дополнувањето на Законот за спречување на корупцијта Собранието на Република Македонија врз основа на објавен оглас ги избира членовите на Државната комисија за спречување на корупција и за да може да се започне постапката потребно е на оваа седница да биде ставена оваа одлука за огласување именување на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата која што треба да ја донесе Собранието за да може да се пријават кандидати и да се изврши избор на членови за да може да престане мандатот на претходно избраните членови, а ново избраните членови да можат да ја започнат својата работа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, предлогот на групата пратеници Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 63, воздржани нема, против 4.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија и Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".

Предлозите ви се поделени.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Трајко Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе,

На вчерашната седница на Комисија за прашања на избори и именувања беа донесени две одлуки. Едната одлука е одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели, заменици претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија и неодложно итно на оваа седница да биде ставена оваа одлука, затоа што како што ни е познато претходно пратеничката Флора Мемети поднесе оставка,а на нејзино место дојде пратеникот Агим Рамадани. Согласно Деловникот во кој што се кажа дека треба еден пратеник да биде застапен барем во една Комисија на Собранието на Република Македонија и по барање на пратеничката група на ДПА Комисијата за прашања на избор и именувања на вчерашната седница изврши измена во која што е внесено наместо Флора Мемети да стои пратеникот Агим Рамадани во учеството при комисиите во Собранието на Република Македонија и неопходно итно на оваа седница да биде ставена оваа точка за да може да земе учество пратеникот Агим Рамадани во комисиите во Собранието на Република Македонија.

Исто така на вчерашната седница беше донесено одлука за разрешување и именување на претседател и членови на одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев". Со оглед на тоа што на претходните членови и претседатели истечен е мандатот и неопходно е да биде донесена ова одлука за да се формира одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев". Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 63 пратеници, 62 гласаа за, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев" да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, за гласале 69, воздржани нема, против 4.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за огласување именување на Јавен обвинител на Република Македонија;

2. Предлог на одлука за огласување именување на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата;

3. Предлог на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

4. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев";

5. Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2007 година;

6. Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот за добивка, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за јавна внатрешна финансиска контрола, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за културата, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за тутун и тутунски производи, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здравствената заштита, со Предлог на закон;

Дали има некој предлагач за изменување на предложениот дневен ред?

Господине Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

На 26.10 до вас има барање за автентично толкување на член 144 став 1 од Законот за електронски комуникации, а гледам дека на неколку седници што се закажани има автентични толкувања што се со понов датум или со еден или два дена чекање, затоа би сакал да ве замолам да побарате информација до каде и што се случува со ова автентично толкување, бидејќи автентичното толкување што го барам се однесува на членот од Законот за електронски комуникации за концесиските договори кои, според тој член, ќе треба да престанат да важат, а е прво барање на секоја средба на претставниците од Европската комисија кога доаѓаат во Република Македонија.

Мислам дека два месеци беа доволни за да добијам некакво автентично толкување, согласно член 181 и 182 од Деловникот, бидејќи не може да се стави на дневен ред без ЗПК да достави извештај, ве молам да апелирате некако овој проблем да се реши. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Во најскоро време ќе разговарам со претседателот на ЗПК и проблемот ќе биде решен.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 65, воздржан 1, против 1.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за огласување именување на Јавен обвинител на Република Македонија**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе,

Бидејќи под процедурално не ми дадовте да ги објаснам причините зошто сме против ставање на оваа точка на дневен ред, сега во расправата по оваа точка ќе ги изнесам нашите аргументи.

Пратеничката група на СДСМ е против ставање на оваа точка на дневен ред и против оваа точка од процедурални причини.

Како што во мојата процедурална реакција кажав дека Собранието во претходниот состав секако и позиција и опозиција пристапи кон промена на Уставот од една единствена причина реформи во судскиот систем за кои впрочем ден денеска за неговото функционирање добиваме сериозни критики.

Со еден од амандманите, тоа е амандманот 30 со кој се менува членот 106 од Уставот на Република Македонија и се брише членот 107 од Уставот на Република Македонија, предвидовме промена на уставната материја која се однесува на уставните решенија, која се однесува на Јавното обвинителство.

Ова не беше случајно направено, ова беше направено токму со цел затоа што сметаме дека Јавното обвинителство е дел од правосудниот систем и затоа што сметавме дека Јавното обвинителство е една значајна алка во правосудниот систем и тоа како значајна алка за борба против криминалот и корупцијата, сметавме дека оваи уставни решенија кои тогаш беа во членовите кои ја регулираа оваа материја се недоволни и треба измена, се со цел да може да се создаде уставна основа за реформи во Јавното обвинителство.

Тогаш сите се договоривме и го поддржавме овој амандман и кажавме дека надлежноста, укинувањето, организацијата и функционирањето на Јавното обвинителство се уредува со закон што се донесува со двотретинско мнозинство.

Зошто е оваа уставна одредба? Оваа уставна одредба ја вградивме затоа што сметавме дека треба да има општ консензус околу еден ваков значаен закон што регулира ваква материја и од пратениците од позицијата и особено од пратениците од опозицијата.

Исто така, воведовме формирање на Судски совет, чиј состав ќе биде од членови на еснафот и кои, без да се меша во онаа постапка на утврдување на кандидати за носители на функции јавни обвинители и Јавен обвинител на Република Македонија, да можат да предлагаат стручни, компетентни јавни обвинители и Јавен обвинител на Република Македонија.

На една од претходните седници, во моментот кога беше на дневен ред точката за разрешување на Јавниот обвинител и тогаш искажавме несогласување со процедурата во која што се разрешува Јавниот обвинител и тогаш искажавме дека ќе се најдеме во еден правен вакум. Ги кажавме нашите ставови, дека ние не зборуваме за работата на тогашниот Јавен обвинител, туку за процедурата. Укажавме дека, ако се разреши јавниот обвинител, ќе се најдеме во ситуација да немаме процедура, да немаме закон и постапка по која што ќе се бира јавниот обвинител.

Сега, прогласуваме одлука, донесуваме одлука за избор на јавен обвинител по закон што веќе не постои, стариот Закон за јавно обвинителство, за што впрочем го искажаа своето мислење и експерите по оваа област. Понатаму, донесуваме одлука, огласуваме избор на јавен обвинител по стар закон и ова упатува само на едно, на тоа дека сето она што го правиме, до сега, како Собрание значи шминка, значи реформите што сакавме со уставниот амандман да ги доживееме и да ги направиме во Јавното обвинителство не ни значат, дека го суспендираме уставниот амандман, дека не сакаме во овој орган, во овој уставен орган што има многу значајна функција, особено во овој период кога од сите страни ни доаѓаат критики и кога од сите страни ни порачуваат сериозно да се заземеме во борбата против криминалот и корупцијата, ние повторно сакаме да протуркаме нешто што набрзина, нешто пак да повторам како и тогаш што кажавм наврат, нанос, нешто со што ќе ги прекршиме сите процедури, со што ќе го прекршиме Уставот, со што ќе прекршиме, практично и не постои закон, вон законска процедура, се само со една цел да поставиме набрзина човек, ваш, односно на парламентарното мнозинство. Од друга страна со полна уста зборуваме дека ќе се бориме против корупцијата, организираниот криминал.

Со полна уста зборуваме дека ќе го почитуваме Уставот, владеењето на правото и правната држава, јас сметам дека почитуван господине претседателе, на ваков начин, практично, со ваквата одлука ние ќе го заобиколиме она што сакавме да го постигнеме како цел, а тоа е реформа во Јавното обвинителство, не може јавен обвинител на Република Македонија да избереме без закон, спротивно на уставните амандмани, без постоење на Судски обвинителски совет кој што треба да дава мислење, не можеме да го избереме првиот кој што ќе биде моторната сила по стара процедура, а останатите јавни обвинители да ги бираме по евентуално, доколку донесеме нов закон за јавно обвинителство.

Еве, од овие причини ние ќе гласаме против оваа одлукаи препорачуваме до Министерството за правда како овластен предлагач, што е можно побрзо да достави закон за јавно обвинителство и тогаш по тој закон кој што повторно повторувам, ќе треба согласно уставните амандмани и измени се донесува со двотретинско мнозинство, тогаш во таа постапка кој што ние тука ќе ја утврдиме, која што ние тука ќе ја пропишеме, да избереме јавен обвинител кој што навистина тогаш, само во таква постапка и по новиот закон ќе има легитимитет од сите да се бори против криминалот и корупцијата. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Марјан Додовски, процедурално.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Моето процедурално јавување е од техничка причина. Значи, јас со уште неколку пратеници што поразговарав ја немаме добиено оваа Предлог-одлука, ниту на масата, ниту преку пошта, па би замолил доколку е можно службите, да се направи по една копија и за време на дискусијата да биде доставена. Значи само тоа е процедуралната грешка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Мојата информација е дека тие се доставени. Но, пак ќе провериме ако некаде нешто уште фали, ќе поделиме накнадно. Благодарам.

Збор има Кондарко Борис.

Реплика има Трајанов, три минути.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Сакам да реплицирам околу претходниот пратеник што зборуваше за уставните начела, уставните одредби, за процедурата.

Во Утавот е сосема јасно дека Владата го предлага Јавниот обвинител. Значи, тука сигурно

дека се бара и мислење од Советот на јавни обвинители кои што сеуште не е конституиран. Меѓутоа, изборот повторно го врши Парламентот.

Доколку Социјалдемократскиот сојуз смета дека, со тоа што Владата го предлага јавниот обвинител, на некој начин има пониско влијание, тие беа носители на законскиот проект, на уставните промени, тогаш можеа да предложат некое друго решение и тогаш Владата немаше да има никакви надлежности околу предлагањето.

Меѓутоа, сакам да нагласам друга работа.

Читам еден извештај за извршен увид во состојбите во Тутунскиот комбинат Прилеп, мај, значи јуни и претходно неколку дена, каде што се утврдени бројни злоупотреби и тие материјали се доставени до Јавниот обвинител. Оттогаш, па се дури беше на функција тогашниот јавен обвинител не презел никакви активности. Ако сакате и натаму да ја опструираат борбата против корупцијата, организираниот криминал, тогаш можеме дословно да се држиме и да инсистираме на некои процедури и така натаму, што не е лошо, меѓутоа мислам дека Парламентот сепак треба да ги врши своите обврски поефикасно и да овозможи распишување на јавен конкурс на кој што ќе се кандидираат најверојатно најдобрите што смета дека може да ја извршуваат таа сложена обврска, задача и Парламентот во законска процедура ќе го избере оној што ќе биде најсоодветнио кој што ефикасно ќе се бори против организираниот криминал и корупцијата.

Ете, во таа насока мислам дека не треба Парламентот да ја кочи започнатата ефикасна борба против организиран криминал и корупција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Јас навистина сум изненадена зошто сме окарактеризирани како кочничари. Не сме кочничари, зошто и тогаш кога се разрешуваше јавниот обвинител укажавме за проблемите кои што ќе следуваат.

Ние и сега, кога велевме дека јавен обвинител тешко ќе може да се справуваме против она што ни е приоритет сега, премиерот во еден наврат кажа дека и без јавен обвинител, замениците успешно си ја обавуваат работата и тоа е добро ако ја обавуваат можат да тераат.

Но, она што сакам да кажам, дека господинот Павле Трајанов е правник и од него не очекував ваква реплика, затоа што сметав дека особено ние правниците треба да го почитуваме Уставот. Особено Уставот, каде што тогаш и како позиција СДС утврдил, заради важноста на Законот за Јавно обвинителство да се донесува со двотретинско мнозинство затоа што така ќе има и влијание и опозицијата и со тој закон можеби ќе предвидиме нови, други услови што ќе го зголемат нивото и афторитетот на оној кој ќе биде поставен за јавен обвинител на Република Македонија.

Токму од овие причини барам да се почитува Уставот, барам да се донесе закон со кој што ќе се уреди прашањето за условите што треба да ги исполнува Јавниот обвинител и барам да биде конституиран Обвинителскиот совет. После тоа, кога ќе имаме законска рамка да биде избран јавниот обвинител согласно Уставот и законот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Кондарко Борис. Повелете.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Значи како што најавивме и при утврдувањето на дневниот ред, т.е. дополнувањето со оваа точка денеска,Социјалдемократскиот сојуз на Македонија смета дека воопшто не требаше да ја ставате, и немате основ да ја ставате оваа точка на дневниот ред, затоа што, не само што се прекршува Законот или можеби посоодветен израз би бил дека се злоупотеребува правната празнина или вакум во недостаток на нов закон за Јавното обвинителство, затоа што со измените на Уставот, со амандманот 30, со донесувањето на истите се дерогирани одредбите од постојниот или стариот Закон за Јавно обвинителство во делот на разрешување и избор. Тоа значи дека не само што не се почитува законот или се злоупотребува правната празнина ќе нагласам, туку директно во ваква ситуација се прекршува Уставот од страна на парламентарното мнозинство и од страна на Владата на Република Македонија.

Затоа што, амандманот 30, според него, обврска, кој е составен дел на Уставот, обврска е дека пред да се изврши изборот на нов јавен обвинител на Република Македонија, треба да се донесе Законот за јавно обвинителство и да се конституира новиот орган кој е резултат на реформата на правосудниот систем, со измените на Уставот, тоа е Советот на јавни обвиители кој претходно треба да даде свое мислење во врска со изборот на јавниот обвинител. Затоа не е добро уште на самиот почеток да се направи ваков негативен преседан, со кој не ќе можеме, со кој ќе остане дамка за во иднина на процедурата.

Кога СДСМ говореше овде во Парламентот по повод разрешувањето на Јавниот обвинител, не обвинивте дека се криеме зад процедурата. Не се криеме ние зад процедурата, туку вие ја злоупотребувате процедурата и ја прекршувате. За да имате чиста ситуација, најпрвин треба да покажете дека ги почитувате законите, правото и процедурата. Тоа е предуслов за ваше успешно владение за доверба и за она што значи остварување на вашите заложби за борба против криминалот и корупцијата. Вака во старт, оставате сомневање дека сакате набрзина да ја протерате работата. Впрочем се поставува прашањето и сомневањето како може да бидат искрени вашите намери и дали тоа не

претставуваат политички флоскули или фарси кои треба само убаво да звучат во јавноста и да создаваат привид, дека вие навистина сте заангажирани за борба против корупцијата. Или тоа треба да биде правено селективно и партиски, само за да прикажете таканаречена шминка дека вие нешто работите. А всушост остануваат опашки од кои после тешко ќе можете да излезете.

Сега сте на почетокот, сега ја имате довербата, сега го имате рејтингот и тоа треба да го употребите во функција на воспоставување на правната држава и да го покажете на дело во Република Македонија. Затоа што можете сега јавајќи на еуфоријата, да се однесувате вака. Меѓутоа, понатаму како што ќе се заплеткува копчето, ќе ви биде се потешко. Затоа, треба од почеток да демонстрирате исрена и вистинска волја за борба против корупцијата, а предуслов за тоа е почитување на правната држава. На овој начин вие не ја пожитувате правната држава

Кога ние говоревме дека се создава правен вакум и дека е помал проблем разрешувањето на веќе поранешниот јавен обвинител, дека со самото разрешување се отвора уште еден поголем проблем, вие сакавте да изберете нов јавен обвинител и без новиот закон за јавно обвинителство.

Сега гледам во јавноста официјално ретерирате од тој став, што е добро и што е доблесно и што на крајот на краиштата може да ви се припише на контотон на коректност, да признаете и некоја грешка. Меѓутоа, сега со ставањето на оваа точка на дневен ред, со отворањето на оваа процедура, повторно ретерирате и повторно се враќате назад на старата грешка. Тоа значи дека прво треба да се донесе Законот за јавно обвинителство, да се конституира Советот на јавни обвинители, а потоа да се отпочне, иако сега викате и формално постапката конкурс, меѓутоа, после завршувањето на конкурсот, не сум убеден дека ќе има доволно време, затоа што Законот за јавно обвинителство не е ни во процедура за да ја спроведете оваа постапка и за да на крајот ги поравните работите, процедурално за да нема никаков вакум или во најмала рака грешка во чекори. Затоа што мислам дека ова личи повеќе на злоупотреба и насилие на правната држава. Но, да видиме како ќе се одвива работата понатаму. Значи од грешка во грешка навлегувате од една страна ретерирате, сакате да покажете пред јавноста на некој начин и признавте дека не само што СДСМ беше во право туку, дека не е овој редот на нештата, туку на тоа се соочивте со силен притисок и од експертската јавност.

На крајот на краиштата, сето ова, со објавувањето на овој конкурс по малку наликува и на една фарса. Затоа што навидум се излегува демократски, меѓутоа нешто друго се случува во јавноста или во оние неформални, задкулисни игри. Веќе многу добро или многу отворено се шпекулира и се познати неофицијално сите намери и сите имиња на оваа власт, кој сака, или кои се фаворити за овие функции.

Затоа мислам дека не треба демократските институции на Република Македонија да ги сведувате на фарса или глума за да со отварањето на некоја процедура ги покривате таквите работи. Ако е навистина точно и ако се навистина тие имиња точни што се вртат во јавноста како шпекулации за можни јавни обвинители, тогаш навистина не знам како ќе изгледа таа ваша борба против криминалот и корупцијата. Веројатно ќе личин на селективност, веројатно ќе личи на се друго освен на темелна, искрена или пристрасна борба против корупцијата. Бидејќи еден добар дел од тие имиња, не би сакал да ги споменувам затоа што се сеуште во фазата на шпекулациите, меѓутоа отворено веќе се споменуваат и во медиумите се или партиски поддржувачи или поранешни партиски војници или симпатизери на политиката на ВМРО-ДПМНЕ или на било кој друга начин блиски до таа опција, таа политичка опција.

Затоа не веруваме и во оваа постапка која ја отворате и во она што се шпекулира веќе во јавноста и медиумите дека навистина вашата борба против криминалот ќе биде искрена а уште помалку успешна, што е лошо за сите нас, што е лошо за Република Македонија, затоа што имате можност сега на почетокот кога го имате рејтингот вистински тоа да го покажете дека сакате да го направите.

Во спротивно многу брзо ќе го потрошите кредитот, меѓутоа, ќе го изгубите и драгоценото време на Република Македонија, а сите ние заедно и Владата и опозицијата и граѓаните ќе бидеме закована на најниското скалило за корумпирана држава.

Затоа уште еднаш ве повикувам, ние оваа одлука нема да ја поддржиме, да ја повлечете и откако ќе бидат исполнети уставните претпоставки, законски,процедурални за донесување на законот за јавно обвинителство и конституирање на Советот на јавни обвинители, да ја отворите оваа процедура и дури тогаш навистина да понудите, како што ретериравте делумно за оваа работа, ретериравте сега гледам во целост и за јавен обвинител, странец. Ако можеби ние ве критикувавме зошто да биде странец, меѓутоа, кога ги гледаме овие партиски имиња што се вртат како шпекулации во јавноста, можеби премиерот бил во право кога сакал и странец да донесе. Вака ќе биде од лошо полошо. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има реплика Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам.

Почитуван претседателе, сосема накратко, не можам да се воздржам кога го слушам ова продавање на демагогија во врска со наводната желба на СДСМ да се бори против корупцијата и организираниот криминал во земјата, мора да го потсетам господинот Кондарко дека злоупотреба и насилие врз правната држава беше направена

токму од нивна страна со изборот на нивниот обвинител господинот Прчевски со тоа што ја направија Република Македонија најкорумпирана земја не само во Европа.

Тоа што исто така вие претставниците од СДСМ и вашата коалиција не го почитувавте Уставот на Република Македонија односно уставниот закон за зпроведување на уставните амандмани имавте можност додека бевте на власт во рокот кој сами го утврдивте да го донесете законот за јавно обвинителство и сега да имавме совет на обвинители кој ќе даде мислење на предлогот на Владата. Бидејќи тоа го нема, државата не може да стои, да не се грижи Владата за борба против корупцијата и организираниот криминал кој расцвета во ваше време, токму од тие причини се преземаат овие чекори сега што ги правиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Трајко Вељаноски има збор, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Малку сум, како што некои колеги кога ќе излезат ќе кажат, вџашен и јас сум во конкретната ситуација вџашен. Зошто? Затоа што тие што го направија најголемиот криминал, најголемата корупција сега се за владеење на право, за примена на законите, за примена на Уставот. И ние сме за тоа.

Малку би и кажал на Цветанка Иванова колешката, кога се чита целосно амандманот, треба да се прочита и да ни каже јавниот обвинител на Република Македонија го именува и разрешува Собранието на Република Македонија, за време од шест години со право на повторно именување. Тоа ќе го направи сегашното Собрание со огласувањето ќе се пријават кандидатите и ќе се овозможи Собранието да го изврши изборот. Се почитува амандманот кој што го донесе претходниот собраниски состав.

Исто така не знам зошто некои колеги не можат да разликуваат јавен обвинител на Република Македонија и јавни обвинители. Дали не знаат или не сакаат тоа да го разликуваат. Јавен обвинител на Република Македонија е институција која е напишана и во самиот амандман 30. Функцијата на јавното обвинителство ја вршат Јавниот обвинител на Република Македонија и јавните обвинители, тоа е сосема различен термин и не може да се поистоветува јавниот обвинител на Република Македонија со одредбите во законот, во уставните амандмани каде што се повикува на јавните обвинители. Затоа Собранието треба да го распише овој оглас да се пријават кандидатите и врз основа на пријавените кандидати да се изврши избор на јавен обвинител на Република Македонија. Ние како пратеници, особено јас, доставив до пратеничката група на СДСМ да се потпише на оваа иницијатива, на овој предлог за овластување за именување на јавен обвинител на Република Македонија. Но од нивна страна, веројатно не од правна, веројатно од политичка страна, не се потпишаа на оваа одлука. Зошто, некој ќе се праша? Но на крај на тоа ќе дадеме одговор.

Сакам да кажам дека претходното Собрание кога го разреши претходниот јавен обвинител а го именуваше почитуваниот ваш Александар Прчевски кој е синоним на неуспешен јавен обвинител на Република Македонија, тоа го направи врз основа на оглас кој што го распиша тогашното Собрание. И врз основа на тој оглас вие си го избравте јавниот обвинител на Република Македонија Александар Прчевски, ваш кадар излезен од вашиот партиски тефтер, кој што за жал ве посрамоти и вас конкретко како Социјалдемократскиот сојуз. Но тоа го расправавме и го одлучивме на седницата на Собрание кога се разреши Александар Прчевски.

Цело време се повикуваат тие кои што требале да ги донесат измените на законот за јавно обвинителство. Вие господа, вие, особено Цветанка Иванова беше како пратеничка во претходниот состав, Борис Кондарко беше во претходниот состав, сега пратеничката Мери Младеновска Ѓорѓиевска која што доаѓа а беше министер за правда од 9 месеци кој што треба согласно уставниот закон да се донесе закон за изменување и дополнување на Законот за јавно обвинителство, осум месеци беше на власт и таа требаше да го донесе. Можеби деветтиот месец оваа власт не можеше тоа да го направи, затоа што требаше да се конституира Собранието, требаше да се избере Владата за да може да се предложи тоа. Сега вие ќе кажувате зошто не е донесен законот за изменување и дополнување на Законот за јавно обвинителство. Веројатно, пред да паднете од власт, пред да бидат изборите, три месеци поважни ви беа да одите по терен, да одите по ниви, да одите кај гласачите од кои ќе го барате нивниот глас, наместо да ја вршите таа работа што требаше да ја завршите, да го донесете законот за измени и дополнување на Законот за јавно обвинителство, па идниот парламентарен состав, кој што е ова, да може да постапува по него. Затоа, вие најмалку имате право да се повикувате зошто не се донесени измените и дополнувањата на Законот за јавно обвинителство.

Исто така, од моја страна да кажам дека сум вџашен зошто пратениците на СДСМ, дали затоа што не ја почитуваат својата лидерка, или постои нешто друго. Зошто, некој ќе се праша. На една од лидерските средби, вашиот претседател од СДСМ како во едно од барањата кое го достави до Владата, рече побрзо да се избере јавен обвинител на Република Македонија. Сега кога тоа ние го правиме велите дека нема потреба да се избере, процедурата е ваква, процедурата е таква. Значи едно кажувате пред странците, поинаку постапувате во овие услови каде што треба Собранието на Република Македонија да одлучува.

Исто така, некој ќе си постави прашање и истовремено самиот ќе си даде одговор, дали можоеби овие господа се уплашени од постојните

случувања што се случуваат во судството во последните, како што кажа некој, апсења, во кои некои се засегнати и сакаат да останат старите структури на Јавното обвинителство, старите структури во судството, во кои можеби тие би се спасиле. Но верувајте, оваа власт ќе прави онака како што налага законот, а налага почитување на законите, владеење на правото, па сите ваши опструкции што сакате да ги направите нема да ви успеат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплики: Цветанка Иванова, потоа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, но прво Младеновска Ѓорѓиевска. Дали има уште некој за реплика? Шекеринска, Владимир Ѓорчев и Борис Кондарко. Значи имаме пет реплики.

Прво Мери Младеновска Ѓорѓиевска има реплика три минути.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Мене навистина не ме зачудува излагањето на колегата Трајко  Вељаноски, тоа впрочем може да се очекува од оваа власт, за се да биде виновен некој друг. Но, како што знаеме сите, на 5 јули оваа владеачка гарнитура ги доби изборите со цел да подобри нешто што сметаше дека не е добро.

Токму затоа сметам дека навистина е непринципиелно и далеку од вистината и излагањето дека претходната Влада е виновна што не бил донесен законот за јавно обвинителство и Законот за совет на јавни обвинители.

Колеги, знаеме сите дека на 5 декеммвмри 2005 година, кога беа усвоени уставните амандмани, тогаш во Изборниот законик се внесоа одредби кои активности треба да следат во наредниот период. Во наредниот период за 4 месеци претходната власт донесе 10 закони од сферата на судството и тие беа усвоени и изготвени три месеци пред крајниот рок 30 јуни, затоа што изборната кампања почнуваше на 15 јуни, не работеше Парламентот. Законот за судовите, Законот за судскиот совет, Законот за управна постапка, Закон за медијација, Закон за адвокатура, Законот за изменување и дополнување на Законот за нотарски работи и редица други закони. Ваша единствена обврска беше да го донесете, да го изготвите Законот за Јавно обвинителство и Советот на јавни обвинителства и имавте време тоа да го направите. Вие 4 месеци не успеавте ниту еден закон од овие да донесете, а реков претходната Владата десетина и повеќе закони изготви за 4 месеци. Ние гледаме. Оваа Влада може да каже се прави, но не го почитува законот. Тоа е прекршувањето, што сметам дека е на штета и на државата и на граѓаните.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Трајко Вељаноски, повелете една минута.

**Трајко Вељаноски:** Од оваа реплика што ја имаше пратеничката Мери Младеновска Ѓорѓиевска, на крајот не кажа зошто не успеала таа да го изготви и да го достави до Собранието Законот за јавно обвинителство. Кажа дека многу работела, направила се, но не кажа зошто не успеала да го донесе, затоа што Уставниот закон налага во рок од девет месеци да биде донесен тој закон. А Владата се формираше при крајот на август месец кога веќе беше истечен рокот за донесување на Закон за јавно обвинителство, кој што го налага и Уставниот закон и со оглед на тоа би требало, односно се согласувам дека треба што поскоро да бидат донесени измените и дополнувањата или нов закон за јавно обвинителство, но не треба да се кочи изборот на јавен обвинител на Република Македонија, за да може да функционира Јавното обвинителство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Цветанка Иванова. Повелете три минути.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседател.

Ајде сега да го читаме Уставот не заради господинот Трајко Вељаноски, туку заради јавноста.

Уставен амандман  30, став 2: “Функцијата на Јавното обвинителство ја вршат јавниот обвинител на Република Македонија и јавните обвинителства”.

Став 3: “Надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и функционирањето на Јавното обвинителство се уредуваат со закон што се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници”.

Значи Јавниот обвинител е прв во органот Јавно обвинителство, институцијата, уставната категорија. За него исто така ќе важи Законот за Јавно обвинителство кој што требаше да биде донесен и треба да биде донесен со 2/3 мнозинство, во кој што ќе се пропишат условите и процедурата околу изборот, а органот кој го бира е уставна категорија. Сега ова го немаме. Ајде ние не сме го донеле Законот за јавното обвинителство, но вие имавте 5 месеци. Зошто до сега не го донесовте или барем да влезеше во собраниска процедура. Или имате два месеци од разрешувањето на Јавниот обвинител, од моментот кога вие знаете дека имате правна празнина, правни пречки, а за тоа колку ние ја почитуваме нашата претседателка зборува и фактот што си ги браниме нашите партиски ставови. Претседателката наша сигурно кажала дека треба побрзо да се избере јавен обвинител, но согласно Уставот и согласно со закон јасно пропишана процедура, затоа што ние сакаме во Република Македонија да се почитува Уставот како највисок акт во државата и сакаме сето она што го работиме да биде во со закон утврдена процедура. Само така можеме да се покажеме и да се претставиме пред меѓународната заедница дека сакаме во државата да владее правото и

правната држава и само со процедура, почитувањето на процедурата, значи не влегување во анархија и во работи кои ќе ги правиме по желба и по моментална потреба на некој и на некого. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Трајко Вељаноски контра реплика една минута, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Во репликата се цитираше уставниот Амандман и не се кажа ништо ново. Новото се состои и на претходните седници, тогаш директно упатив едно прашање до пратеничката Цветанка Иванова, дали за неа постои закон за Јавно обвинителство. Во моментот има Закон за Јавно обвинителство и врз основа на него секој треба да постапува, вклучувајќи го Јавното обвинителство и ние исто така треба да го почитуваме. До моментот додека не е донесен нов закон за Јавно обвинителство, се применува Законот за Јавно обвинителство од 2004 година кој што го донесе нивниот парламентарен состав. Во моментов и оваа одлука која што треба да ја изгласа Собранието ќе биде заснована врз основа на уставниот амандман и врз основа на Законот за Јавно обвинителство кој е во сила. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Радмила Шекеринска, но се откажува.

Реплика за пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега Вељаноски, велите дека не сме конзистентни на тоа дека СДСМ сака да се избере Јавен обвинител побрзо, па сега опструираме итн. Не можам да разберам. Да, сакаме, затоа што и е потребно на Република Македонија, за да се стави навистина крај на сите оние работи со криминалот и корупцијата, меѓутоа не на ваков начин. Овој негативен преседан за непочитувањето на процедурата ќе ви остави црна дамка за понатаму, од која тешко ќе можете да се извадите.

Инаку, за ваша информација, во меѓувреме се сменија улогите, вие сте на власт. Значи вие сте многу поодговорни отколку опозицијата, затоа што вие одлучувате за директната примена на законите и за нивното почитување. Затоа, нашите грешки беа наши грешки и затоа сме сега опозиција, меѓу другото, и нашите грешки не можат на една одговорна власт која има така висок рејтинг да и бидат алиби и оправдувања како било некогаш. Вие треба да говорите за иднината и да ја направите Република Македонија подобра правна држава. Меѓутоа, сега го правите обратното, велите дека СДСМ се крие зад процедурата, но вие прекршувате процедура. Значи не само што го злоупотребувате правниот вакуум бидејќи не постои закон за јавно обвинителство за да се избере Јавен обвинител, тоа е она што СДСМ го говореше и од кое вие ретериравте и сега се враќате и пак ја правите истата грешка и експертите ви го кажаа тоа, туку директно сега во недостаток, во ситуација кога имаме правен вакуум, кога директно се применува Амандманот 30, кој е составен дел на Уставот, вие директно го прекршувате Уставот на Република Македонија. Значи сето ова не може да асоцира на искрена борба против криминалот и корупцијата, дотолку повеќе како што реков за оние имиња кои се партиски блиски до вашата партија на еден или друг начин, би асоцирала на селективна борба против корупцијата и она што е многу битно, не темелна, не суштинска, туку во вид на фарса и фоскули сето она што е убаво да го слушнат граѓаните.

Меѓутоа тоа не е добро за граѓаните, тоа не е добро за Република Македонија и не можете бесконечно да јавате на еуфоријата на вашиот висок почетен рејтинг. Мора да имате малку поодговорен пристап.

Накрајот, доколку не го донесовте овој закон во септември како нова власт, секој нареден ден после тоа, после поминувањето на тие 9 месеци за усогласување вие се поголема и поголема грешка правите. Одговорноста е ваша. Заборавете го СДСМ.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Вељановски Трајко.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе,

И добро е во целото излагање само едно не разбрав и добро е тоа од пратеникот Борис Кондарко што на крајот сфатија дека тие се опозиција.

Од сето излагање не кажа ништо ново и не кажа ништо што претходно од нивна страна беше наметнувано. Затоа кажав на лидерска средба е побарано, претседателот на СДС да се изврши избор на јавен обвинител на Република Македонија, побргу. Ако не е така, треба да бидам демантиран.

Втора работа, во однос на Законот за јавно обвинителство, дали постои? Постои, затоа и пишува воОдлуката дека изборот ќе се изврши врз основа на член 34 од Законот за јавно обвинителство и дека Законот за јавно обвинителство е објавен во "Сужбен весник на Република Македонија" број 38/04. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Алити Рафис, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Почитувани колеги пратеници,

Ние, навистина како парламентарна група и кога се покрена иницијатива за разрешување на јавниот обвинител имавме големи дилеми во однос на тоа дали ова мнозинство, навистина ќе објави војна на корупциајта и организираниот криминал, или пак тоа е само една фарса, да стартува како Влада, речиси секој владин или парламентарен состав што дошол и порано на власт, со полна уста пред граѓаните велат дека ќе се борат против корупцијата, меѓутоа работите

се менуваат. Така што истото нешто се случува и со овој владин состав иако се дадени изјави, силни изјави за да се убеди граѓанинот дека навистина ќе се бори со корупцијата. Уште еднаш ќе ве потсетам на она што моите колеги го кажаа порано, амандманот 30, со што е предвидено прашањето на организирањето на јавното обвинителство, опфаќајќи го тука и изборот на јавниот обвинител на Република Македонија. Тоа треба да се реши според законот што би се усвоил, што би го донел Собранието со 2/3 мнозинство. Не случајно, ние, во тој состав ја избравме оваа формулација или оваа варијанта.

Ова мнозинство, во моментот на уставните промени беше утврдено со цел да и опзицијата има свое влијание во текот на именувањето на јавниот обвинител. Велам да има свое влијание, затоа што ние тогаш мислевме дека навистина, како варијанта ќе беше подобра варијантата, толку колку што има влијание при изборот на јавниот обвинител, позицијата, толку да има влијание и опозицијата. Навистина да се избере лице, што би било неутрално лице, што би ја одиграло улогата на јавен обвинител, би ги почитувал законите во земјата итн, без политички влијанија од страна.

Меѓутоа, од текот на работите се гледа јасно дека ова мнозинство не ги има сфатено на тој начин или пак свесно избра поинаков пат, пат за кој што, на почетокот реков, се кажуваа големи зборови за борба против корупцијата и организираниот криминал, додека од друга страна да подготви терен за селективна борба против организираниот криминал и корупцијата.

Ова го велам од причина што сигурно на граѓаните, меѓутоа и вам ви текнуваат изјавите што доаѓаат од страна на Владата или мандатарот Груевски, кој со полна уста, на секоја средба со новинарите, при секое негово интервју се ориентираше односно се изјаснуваше дека ќе донесе странски експерти, затоа што домашните судии или пак тие кои ги исполнуваат условите за да конкурираат за јавен обвинител не се способни да ја вршат оваа должност.

Токму поради тоа, уште еднаш велам, се отиде толку далеку со изјавите што почнаа да се спомнуваат и државите од каде што би можел да дојде странски обвинител, каде што навистина јавните обвинители биле успешни во тие земји, како што е државата Италија која што беше спомната и други држави, се спомна дека од Италија ќе се донесе стручњак и со тоа ќе се отвори вистинска борба на организираниот криминал и корупција. Ова беше она зошто овој парламентарен состав беше поддржан и од граѓаните, затоа што навистина треба да се промени актуелниот јавен обвинител. Сигурно дека ова беше само еден политички биланс за да се измамат граѓаните во тој момент, а во тој момент се подготви терен за јавен обвинител, односно да повторно на чело на обвинителството да дојде домашен стручњак кој ќе биде тесно поврзан со актуелната Влада или пак со актуелните властодршци. Од ова се гледа многу јасно дека се подготвува терен за борба против корупцијата, меѓутоа на селективен начин.

Ова го велам бидејќи има една народна поговорка што вели" Селото што се гледа, не му треба калауз". Се гледа јасно дека од тие силни изјави нема ништо. Ова што се случува денес не е случајно. Да се отвори конкрус, да се избере обвинител, а потоа да се донесе законот. Доколку овој парламентарен состав, говорам за мнозинството, навистина има предвид или има принципи за работа и тоа што го вели, ќе се обиде или ќе настојува да го реализира и ќе работи во текот на идните години во оваа насока, тогаш сигурно дека ќе треба да стои на своите изјави и изјаснувања што ги има дадено порано.

Многу е јасно дека се подготвува терен за борба, што се нарекува селективна борба, нешто што во минатото се случуваше во Република Македонија, а се случува и во денешницата. Нешто што не е добро, затоа што овој начин на работа не не води напред.

Затоа, сугестијата на парламентарната група, на коалицијата ДУИ и ПДП би била прво да се донесе законот, а потоа да се отвори конкрус за јавен обвинтиел. Сигурно дека, колку што е "заинтересирано" мнозинството да се бори против организираниот криминал и корупцијата, толку повеќе е заинтересирана актуелната опозиција, навистина да се бори против организираниот криминал и корупцијата. Меѓутоа оваа рамнотежа или баланс тогаш сме замислиле да го направиме со закон, во текот на именувањето на јавниот обвинител, но се гледа јасно дека вам ви се брза. Ви се брза затоа што немате искрени намери.

Велам дека имате неискрени намери затоа што многу ми е јасно дека и во текот на 100-те дена и оваа Влада има информации дека има корупција и сигурно подготвувате терен да во иднина, работите што ќе се случат да ги прикриете со ваши партиски луѓе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика е пријавен Агим Рамадани.

Повелете господине Рамадани, три минути реплика.

**Агим Рамадани:** Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Во врска со дискусијата на господинот Рафис Алити, во врска со тоа што рече дека е фарса, дека ќе назначиме нов обвинител за да се справиме со корупцијата, јас би го повикал господинот да се приклучи кон оваа наша акција за избор на нов обвинител, за заедно да се справиме со корупцијата.

Со самиот факт што рече дека ќе почнеме да се справуваме со корупцијата, ние почнавме, тоа се виде од првите наши денови и, како што рече, селото што се гледа не сака калауз, јас би рекол дека добриот ден се гледа од утрото, а нашето утро е сончево. Не е со магла и чад, како што вие кажавте на почетокот. Во однос на тоа дека за обвинител дека ќе се избере партиски човек, од

каде знаете вие? Cеѕште не го огласивме конкрусот. Од конкрусот ќе важат сите прописи за пријавување на сите кандидати без да имаме некој факт дека некој ќе биде од оваа или друга партија. Конкурсот е општа институција, прифатлив за сите кои сакаат да конкурираат.

Во однос на 2/3 мнозинство, дека треба да го избираме со 2/3 мнозинство, би ве повикал вас да бидете во ова 2/3 мнозинство бидејќи ќе избереме човек кој ќе се бори со корупцијата. Човек кој ќе ги направи првите чекори Македонија дефинитивно, како што претендирате и вие, како што се повикувате на Охридскиот договор, како што се повикувате на борбата против корупцијата, како што се повикувате на модернизација на јавниот живот во Македонија и општиот развој на сите нивоа и во сите насоки, овие работи да ги направиме заедно. Ние ви ја подаваме раката. Тоа сме го правеле и порано, а ќе го правиме и во иднина, заедно да се бориме со злото што не спречува да одиме напред во оваа насока. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Рафис Алити контра реплика, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Се согласувам дека денот се познава по утрото и, доколку е тоа само на збор и со помпензни изјави, се согласувам со вас дека изјавите се многу силни. Меѓутоа, ратотите не се такви. Ние ќе ве поддржиме, јас во мојата дискусија нреков дека ќе направиме така, меѓутоа треба да се почитува Уставот и доколку намерите ви се искрени како мнозинство, тогаш првенствено треба да се донесе законот па потоа да се огласи конкурсот.

Само по себе, со тоа што има толку брзање, ова мнозинство се брза да назначи обвинител или да го огласи конкурсот за јавен обвинтел пред да се донесе законот, тоа дава јасна порака до граѓаните дека не ви е на памет да се борите против корупцијата, туку ви е на памет тоа да го направите на селективен начин. Да направите нешто што ќе ја оштети Република Македонија, ќе ги оштети граѓаните, без оглед на која партија припаѓаат.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има Младеновска Ѓорѓиевска Мери, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Сега сум уверена дека оваа Влада, навистина, нема идеја што да прави во сферата на судството. Тоа што го прави е само собирање на резултатите од сработеното од страна на претходната Влада.

Ова беше очигледно, уште од времето на изборната кампања, кога имавме можност да прочитаме што ветува ВМРО-ДПМНЕ декка ќе направи во сферата на судството, ако дојде на власт. Сето тоа што беше напишано во таа програма овозможуваше во случај ништо да не се сработи, ВМРО-ДПМЕН да си ги препише резултатите затоа што тоа што беше дел од Програмата, веќе беше сработено од страна на претходната власт.

Да ве потсетам, тука беше прашањето околу уредување на прашањето на достава, алтернативно решавање на судските спорови, прашањата околу медијацијата, околу информатичката технологија, околу организација на судството, социјализација на судии, едуцирање да работат судиите во специјализирани области, па сето тоа е направено од страна на претходната Влада. Значи оваа Влада ништо да не работи, ќе може да каже дека еве, сработивме нешто.

Токму затоа, навистина, во контекст на ова предизборно ветување се и работите што сега се случуваат. За тоа што треба да го сработи оваа Влада, единствена обврска што и остана е законот за јавно обвинителство и законот за совет на јавни обвинители. И тоа не го срработиле. Поминаа веќе 4 месеци како е на власт. Но, и сега се обвинува претходната власт. Зошто, затоа што некој не сака да сфати дека после 5 јули, за сето тоа што ќе се случува, што ќе се прави во Република Македонија, одговорноста е на оние што се новоизбрани. Дека не може претходната Влада да одговара за нешто што требало да се направи, требаќе во септември, во ноември. Па, претходната Влада нема мандат. Вие, како да заборавате кој има мандат да го работи она што е дел од Програмата, би рекла, на Република Македонија во процесот на интеграцијата. Може и да сметате дури дека претходната Влада ќе биде виновна и за нешто што е наша обврска, како држава, за 2008 година? Па, мислам дека никој нема да ви верува. Тоа е навистина, би рекла, смешно.

Но, за жал, последиците од ваквите ваши размислувања ќе ги чувствуваат граѓаните.

По однос на Законот за јавно обвителство и Советот на јавни обвинители, постојната власт требаше Законот изготвен од страна на Здружението на јавни обвинители во соработка со ОБСЕ, да организира една тркалезна маса на која што ќе се разговара и од практичари и од теоретичари по однос на законот на две средби во работна група на Министерството, па таа да го пушти во процедура. Таа работна група е формирана уште во април од страна на претходната Влада.

Но, не сакате да признаете дека проблемот е во нешто друго. Несогласувањето на Владата со ставовите на Здружението на јавни обвинители, кои се залагаат за јакнење на независноста на обвинителството, оваа Влада не сакаше и не сака да ги поддржи предлозите предложени од стручната фела, Здружението на обвинители. Токму едно од прашањата што служеа како изговор за одолговлекување на овој процес на изготвување на законот е тоа кој се би требало или би можело да биде јавен обвинител. Имавме можност да слушаме најразлични идеи од кои сега се откажува Владата, а тоа е за јавен обвинител да може да биде избран странец.

Тоа, според мене се користеше повеќе како аргумент за пролонгирање на целиот процес,

затоа што законот можеше Владата, доколку сакаше, да го пушти во процедура и да се донесе во септември. Но, работата беше во тоа што Владата, а тоа се покажа дека сака по стариот Закон да го разреши јавниот обвинител, односно во тој простор кога треба да се донесе нов закон, а не е донесен, за да може по стариот закон да биде избран јавниот обвинител.

Да ве потсетам дека во постапката за разрешување на јавниот обвинител, тогаш се тврдеше да, ќе го разрешиме, но ќе донесеме нов закон и по новиот закон ќе се бира обвинителот. Зошто сега се откажувате од таа идеја? Постојано наоѓате некакви изговори, само почитувањето на правото да го претворите во придржување кон неправото. Навистина, не се согласувам со ваквиот начин на работа на Владата. За жал, сето ова има влијание во целиот сегмент, во целата сфера на правото и правдата. Чесено е Владата и да признае дека поради вашите лутања со најразлични идеи во овој временски период, не беше донесен законот, а во најмала рака смешно е за тоа да се обвинува претходната Влада. Не знам до кога ќе одите со вакви обвинувања за се што треба да направите да ја обвинувате претходната Влада. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплики?

Лалчевска Ристана, Димовски Илија и Кипаризова-Крстевска.

Три реплики по тој ред.

Повелете Лачевска, три минути.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Би сакал само во еден дел да ја дополнам колешката Мери.

Таа тврди дека многу сработила минатата Влада, јас не се сомневам, таа беше министер во минатата Влада и сигурно знае колкаво е контото на сработеност на минатата Влада, посебно за нејзиниот ресор кој го водеше. Да, сработи Министерството, донесе една лепеза на закони, меѓутоа, го остави потешкиот или можеби најтешкиот дел на следната влада. А тоа е имплементацијата.

Драга моја колешке, реформите за кои се залагаме, особено во судството, најтешкиот дел кој треба да го завршиме е да ги имплементираме законите. Затоа што најслабата алка во нашиот систем е токму имплементацијата на законите. И, многу е лесно, можеби најлесниот дел, да направите законска рамка, меѓутоа, да ја имплементирате, е најтешкиот дел од работата, затоа што имплементацијата ќе ви ги покаже сите слабости кои ги има правната рамка, онаа што вие сте ја донеле како правна рамка, и јас го ценам вашиот труд, меѓутоа, сега, оваа Влада, треба да ја имплементира таа рамка и да ги лоцира и елиминира сите слабости кои ќе ги покаже имплементацијата на законите на правната рамка која вие сте ја донеле.

Значи, вие сте направиле само едно чекорче кон реформи,а останатото, најголемиот дел, треба да заврши некој друг. И јас сметам на вашата поддршка онака како што вие сметавме на нашата поддршка кога ја градевме правната рамка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Младеновска-Ѓорѓиевска Мери.

Повелете.

Има ли контра реплика?

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** На колешката Лалчевска сакам да и одговорам дека еве, таа можеби смета дека е полесниот дел да се изготват законите, а потешкиот имплементацијата. Јас не ги двојам работите. Сметам дека и едното и другото е тешко а дали е тешко или не, еве ќе се види бидејќи оваа Влада има само два закони од пакетот закони за реформа во судството да донесе, па за четири месеци не покажа никаква иницијатива во таа сфера. По тоа се гледа дали е лесно или не, а претходната, за година и пол 35 закони од сферата на правосудството донесе.

Обврската на Владата е да предложи закони и Собранието да ги донесе. Тука завршуваат обврските, и претходната влада ги исполни тие обврски во име на Република Македонија, за што добивме и кандидатски статус и Република Македонија беше ценето тоа од страна на меѓународните фактори, а оваа Влада се покажува дека работи сосема поинаку.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Илија Димовски.

Повелете, три минути.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Има неколку поенти кои што навистина излегуваат од реалноста, не само колешката Мери Младеновска, туку и некои од претходните дискутанти на СДСМ упорно се обидуваат да ги потенцираат, меѓутоа, сепак на почеток сакам да искажам незадоволство поради тоа што искрено, не очекував обемна расправа по оваа точка. Во Република Македонија разрешен е Јавниот обвинител, заслужено е разрешен Јавниот обвинител Александар Прчевски и Република Македонија мора да има јавен обвинител, а ако некој смета спротивно на тоа, треба да го каже јасно и гласно пред граѓаните на Република Македонија. Оваа држава има и Устав има и закон. Сето ова што се прави е во согласност со постојните важечки легални нормативи на Република Македонија. Јасно и гласно во Уставот на Република Македонија во амандманот 30 пишува дека Јавниот обвинител на Република Македонија го именува и разрешува Собранието на Република Македонија за време од 6 години со право на повторно именување.

Во Република Македонија постои Закон за јавно обвинителство донесен во 2004 година кој што е важечки. Значи, не е запрено неговото правно значење, неговата правна тежина, така што, нема никаков проблем во процедурата. Она што е

страшно во оваа ситуација е што навистина се остава впечаток дека Социјал-демократскиот сојуз има некоја намера да ги стопира или да ги закочи сите процеси во кои што треба да се отворат коруптивните скандали и нефункционирањето на правната држава во минатите 15-16 години. Да, точно е дека се донесени повеќе законски акти во минатиот парламентарен состав,меѓутоа, верувам дека ќе се согласат колегите од Социјалдемократскиот сојуз дека исто така е точно тоа што во секој извештај на Европската унија, во секоја анализа на меѓународните институции е токму судството и состојбите во судството се потенцирани дури пред неколку дена и се потенцирани како проблематична ситуација во државата. Така да, секој напор да се оди чекор напред не треба да биде кочен. Напротив, тука сме 120 луѓе и не треба да биде тешко да видиме дека навистина таа област е проблематична во Република Македонија и треба да се менува нешто. Треба да се дадат позитивни насоки. Ова што Социјал-демократскиот сојуз денеска го прави е апсолутно закочување на процесите на Република Македонија.

Јас не би сакал денешната дискусија да ја сведеме на расправа колку афери нерешени остави Социјал-демократскиот сојуз, а колку во овие три месеци новата Влада ги реши. Меѓутоа, ако е потребно и тоа да го дискутираме и тоа ќе го дискутираме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Мери Ѓорѓиевска-Младеновска.

Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Произлегува дека постојната Влада, значи сегашната Влада и нема намера да изготви нов закон за обвинителство затоа што смета дека нема врска што во Уставниот закон има таква обврска, ние можеме да си работиме по стариот закон. Па тоа е непочитување на правото. Ако сите овде сме се согласиле, претходното Собрание усвоило амандмани, Уставен закон за спроведување на амандманите, тоа за нас треба да биде обврска. Како што претходната успеа за 4 месеци 10 закони да изготви и да донесе, така и оваа, барем за два закони треба да ја исполни својата обврска. И, навистина, барем полесниот дел од работата е, не реков еднаквиот дел, меѓутоа со помала одговорност на Владата е прашањето за имплементација на законите. Имплементацијата е работа на судството, не е тоа обврска на Владата, значи Владата нема што тука да работи во сферата на имплементацијата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Кипаризовска-Крстеска Анита.

Пред да ја започнете репликата, една мала моја интервенција. Многу време губиме околу недоразбирањата заради непрецизни изразувања. Дали е прецизно стар и нов закон да се говори, или важечки и неважечки, тоа правниците ќе кажат.

Повелете, реплика.

**Анита Кипаризовска-Крстеска:** Благодарам почитуван претседателе.

Јас не знам дали добро не се разбравме, меѓутоа сметам дека на поранешниот министер за правда совршено му е јасен дневниот ред дека станува збор за донесување Предлог-одлука за огласување и именување на Јавен обвинител на Република Македонија. Меѓутоа, овде како да имавме некое експозе од поранешниот министер за тоа што било сработено, што не било сработено во мандатот на владеењето на СДСМ и фалбите околу сето она што е направено околу судството дека се толку закони донесени. Факт е дека се донесени некои закони, меѓутоа, со тоа што се донесени не значи дека навистина ни е завидна состојбата во судството, бидејќи јасно и несомнено сите критики кои ги добиваме на сите нивоа за она што ни се случува за корумпираност, неефикасност и многу други работи во судството.

Понатаму зборуваме за Законот за јавно обвинителство, Совет на јавни обвинители, закони кои треба да се донесат. На агенда на Владата ние сме сепак пратеници и не знаеме што Владата ќе ни предложи, она што ќе ни предложи ќе дискутираме во меѓувреме. Меѓутоа, проблемот не го гледам зошто и како да се донесе една одлука за огласување и именување на Јавен обвинител на Република Македонија. Во моментот кога ќе стане збор за донесување на конкретни закони било да станува збор за јавни обвинители или за Совет на јавни обвинители, во тој момент ќе зборуваме токму за нив.

За селективноста што зборуваа некои колеги или неселективноста во гонењето на криминалот, тоа не значи дека тоа ќе биде селективно од донесување на одлука за именување. Факт е дека има потреба од донесување на одлука за именување и таквата одлука треба што побрзо да се донесе. Колегите од СДСМ и од ДУИ зборуваат околу наводното кршење на процедурата, сето тоа самите знаат дека не е точно, меѓутоа, ги разбирам нивните напори колку да си го тргнат товарот од нивното неработење во минатиот период. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Повеќе од јасно е дека навлеговме во замка која ни ја постави СДСМ наместо да расправаме за Буџетот на Република Македонија, отворивме материјална расправа за уставните амандмани, за законските решенија и т.н.

Меѓутоа, јас се залагам и секогаш ќе се залагам за тоа да се почитува Уставот или сум за правната сигурност во Република Македонија. Ако ги прочитаме уставните амандмани, посебно членовите од Уставниот закон, сосема е јасно дека Владата на Република Македонија е предлагач на Јавниот обвинител, тоа е уставно

решение. Сосема јасно е дека Парламентот го избира Јавниот обвинител. Во интерес на оние што не слушаат и гледаат сакам да посочам неколку уставни одредби и законски само да видиме дали се во право пратениците правници од СДСМ или не.

Во амандманот 24 пишува, меѓу другото, што работи Владата. Предлага Јавен обвинител на Република Македонија по претходно мислење од Советот на јавни обвинители. Тоа е сосема јасно. Меѓутоа, во амандманот 30 меѓу другото пишува: "Основите и постапката за престанок и разрешување на Јавен обвинител на Република Македонија и јавни обвинители се уредува со закон". Значи потребен е закон. Бидејќи немаме закон, во Уставниот закон за спроведување на амандманите на Уставот на Република Македонија, меѓу другото во членот 5 стои: "Доусогласување на Законот за јавно обвинителство".

Со амандманите 24 и 30, амандманите кои ги прочитав, јавните обвинители се избираат согласно Законот за јавно обвинителство. Значи, со постоечкиот Закон. Тој Закон е донесен 2004 година. Тоа значи дека нема прекршување на уставната процедура, нема кршење на законските одредби, така што сосема е легитимно и во согласност со Уставот Владата да предлага, а Парламентот да бира.

Денеска само носите одлука за распишување на конкурс за избор на Јавен обвинител. Мислам дека расправата, ако сакаме да се надмудруваме, може да продолжи, да имаме расправа скоро месец дена како што имавме расправа за Законот за полиција и на тој начин да го блокираме Парламентот, да ја блокираме работата на Владата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплики се пријавени Мери Младеновска-Ѓорѓиевска и Рафис Алити.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе.

Сакам само да го прашам колегата Трајанов кој е тој Совет на јавни обвинители кој ќе даде мислење по предлогот на Владата, бидејќи тој го цитираше Уставот, а во Уставот стои дека Јавниот обвинител се избира во Парламентот на предлог на Владата, по мислење од Советот на јавни обвинители. Кој е тој Совет? Постојниот Совет? По Законот од 2004 година кој има сосема различна структура и состав од тоа што го предвидува Уставот? Значи, да имаме избор спротивен на уставните амандмани во кои се предвидени основните одредби за составот на Јавното обвинителство дека тие треба да се уредат со закон, а треба секако на начин како што е и за Судскиот совет. Да има претставници од Обвинителството, да има претставници кои ќе бидат по функција членови на Советот и кои ќе бидат избирани најверојатно од страна на Парламентот, како што е со Судскиот совет.

Повторно Парламентот и Владата одат во решенија кои се навистина небулозни. Не може овој Совет на јавни обвинители да дава мислење. Сакате да се направи избор спротивен на Уставот. Само одговорете дали е тоа тенденцијата или не.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за Павле Трајанов, една минута.

**Павле Трајанов:** Го прочитав членот 5 од Уставниот закон за спроведување на уставните амандмани, таму сосема јасно стои до усогласувањето на Законот за јавно обвинителство со амандманите 24 и 30, во амандманот 30 стојат две обврски и за закон за формирање совет на јавни обвинители и за донесување на закон за јавни обвинители, меѓутоа, тие обврски не се извршени до сега ниту до уставниот рок ниту до сега и во таква ситуација се постапува или е применува Законот за јавно обвинителство донесен во 2004 година. Таму таква обврска нема да се побара мислење од Советот на јавни обвинители. Сосема е во право доколку Парламентот донесе одлука за избор на јавен обвинител. Мислам дека нема потреба правнички да се надмудруваме бидејќи и уставните амандмани и Уставниот закон и Законот кој сега се применува, бидејќи постои таков закон, постапката е по тој Закон.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика за Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Навистина се чудам зошто колегата мисли дека тоа е замка или стапица подготвена од колегите од СДСМ или од опозицијата. Воопшто не е стапица, поготово не од нас, напротив мислам дека самото тоа што вие се брзате да се огласи конкурсот, а потоа да се донесат законите, говори доволно.

Ќе ви поставам директно прашање. Зошто прво не го донесете законот, а потоа да се огласи конкурсот. Навистина вашите намери би биле тие што ги кажувате дека сакате да се борите против корупцијата и организираниот криминал. Во спротивно нема потреба од многу објаснувања за намерите што ги има ова мнозинство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам.

Јас сакам да кажам два-три збора, но не сакам да се повторувам со претходните дискутанти, бидејќи во моментот кога говоревме за разрешување на Јавниот обвинител размислувањата беа поделени во однос на тоа на која страна припаѓаше позиција или опозиција и проценките или мислењата тогаш, но и сега се дијаметрално спротивни, некои ценат дека во овој момент, но и тогаш се постапи во спротивност со нормативните акти кои се на сила, а другите оценуваат дека се постапува во согласност со уставните одредби.

Доколку се анализира членот 3 од Законот за извршување на уставните амандмани од 20 до 30 ќе дојдеме до еден заклучок дека овој член или оваа одредба која е воведена во овој Закон е од

императивен карактер и претходното Собрание, но и ова го нема почитувано истото. Тоа значи дека од претходното Собрание имаше обврска да го донесе, односно измени Законот за јавно обвинителство, но ова Собрание, овој состав има обврска, а тоа не го прави што остава да заклучиме дека се врши кршење и тоа флагрантно на член 3 став 1 од Законот за извршување на уставните измени.

Овде нема никаква цел која може да ме убеди дека не е така како што јас велам. Поаѓајќи од ова, јас не би навлегувал во дилеми кои се поставуваат има или нема правна основа за огласување или носење на оваа одлука за огласување и избор на јавен обвинител.

Повеќе од вистина е дека членот 3 од став 1 на Законот за извршување на Уставот, обврзува да го измениме Законот кој е во сила, или да донесеме нов закон кој ќе се донесе со 2/3 мнозинство, што е кажано во амандман 30. Значи овде е дилемата, дали актуелната Влада ќе најде сили да предложи еден ваков закон кој ќе се донесе со нагласеното мнозинство во амандманот 30, или ќе продолжи и понатаму прашањето на организацијата и нормално извршувањето и функционирањето на надлежностите на Јавното обвинителство, да се реализира со одредбите од Законот кој е во сила.

Според мое мислење, поради постапката што се врши во овој даден момент, се остава да се заклучи дека актуелната Влада нема намера да предложи еден нов закон со кој ќе се регулира прашањето на организацијата и функционирањето на Јавното обвинителство.

Јас уште еднаш ќе нагласам дека според моја убеденост, многу подобро би било и пред се, сигурно дека нема да имавме вакви дилеми кои се поставени денес, нормално овие дилеми се јавуваат кај разни експерти, до колку од актуелната Влада се предложеше нов закон во кој ќе беа операционализирани уставните измени кои се предвидени во амандманот 30 и да се почитуваат одредбите од овој нов закон.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Благодарам.

Гледајќи го стариот Закон за избор на јавниот обвинител и уставните амандмани на Република Македонија, се исполнуваат условите да се објави еден ваков конкурс. Меѓутоа гледајќи од еден сосема поинаков политички аспект за изборот на јавниот обвинител на Република Македонија, се поставуваат многу дилеми и прашања околу тоа кој сега ќе стане наш јавен обвинител и дали ќе биде успешен, дали ќе постигнеме резултати во областа на спречувањето на корупцијата и на сите оние негативни појави во општеството.

Ние сме сведоци на случајот, уште од предизборната кампања дека политичките врвови на оваа актуелна Влада елаборираа и отвараа разни тези кои сега од оваа гледна точка беа во спротивност со законските и уставните начела за именувањето на јавен обвинител од странство, или поинаку кажано странски јавен обвинител.

И во експозето на премиерот Груевски, при формирањето на новата Влада, тој прокламираше една таква работа со која самиот се демантираше. Слушајќи ги разните експерти од областа на правосудството, значи експерти и научници, меѓутоа и граѓани на Република Македонија, за странски јавен обвинител, не се исполнети условите ниту уставни ниту законски. Сега гледаме дека станува збор за тоа дека треба да се предложи, или пак треба да се огласи конкурс околу изборот на еден јавен обвинител за што и понатаму продолжува актуелниот закон за овој обвинител.

Се поставува прашање дали мандатарот Груевски, ветувањата што ги даде во изборната кампања, во експозето пред овој Парламент, кога вети, зошто сега реферира. Дали треба да се постапи на овој начин. После сите сугестии, можеби има и списоци од разни природи, тој негов политички став да го промени. Дали можеби со актуелниот закон за избор на јавниот обвинител и многу други закони кои се во областа на правосудството, ќе имаме здрави реформи, посебно реформирање на правосудниот систем, или пак на судството во целост, вертикално и хоризонтално и до колку се направи некоја забелешка од овој вид, дали ќе има можности во иднина оваа Влада или владина гарнитура, повторно да попушти и да се повлече од ветувањата кои ги има дадено на граѓаните, што всушност тој ги има измамено.

Многу е логично, околу она што е ветено за рализација, за што имаше и исклучително голема поддршка од граѓаните навистина да се направат реформи во правец на судството, во правец на се она што значи спречување на корупцијата и истите оние негативни појави во општеството. Зошто да не се оди до таму и да се направи или да се даде предлог за нов закон за јавен обвинител, затоа што овој актуелен закон, сега сите граѓани и сите институции од 90-тите години наваму, секогаш ги обвинувале политичките партии дека постоечкиот закон дава можност јавниот обвинител утре да биде политички ориенгиран, или пак партиски определен. Навистина требаше да се изнајдат сили од оваа владина гарнитура, да предложи закон за избор на јавен обвинител со кој ќе се отстраена сите сомнежи и можности, навистина во иднина да имаме човеко кој ќе ги исполнеше условите и законски и уставни предуслови за вршење на својата должност.

Јас мислам дека еден ваков пропуст, или еден ваков политички блеф, што се направил во минатото, во текот на изборната кампања и експозето за формирање на новата Влада, за еден странски обвинител, сега да се ретерира, да се вратиме на стариот закон, мислам дека тоа не е многу сериозно за една влада на Република Македонија. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи Иван Настасовски).

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Збор има пратеникот Радмила Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам потпретседателе.

Деншната дебата покажува, веќе по втор или трет пат, дека владеачката партија ВМРО-ДПМНЕ може да ги промени мислењата, но никогаш не ги менува намерите. Може ВМРО-ДПМНЕ пред извесно време сметаше дека јавниот обвинител мора да биде странец, за да имаме успех во борбата против корупцијата, го промени мислењето. Мислеше дека по друга постапка можеме да дојдеме до јавниот обвинител. Го промени мислењето, меѓутоа една работа останува константна, а тоа е намерата јавниот обвинител да биде под целосна партиска контрола. Таа останува непроменета. И денес, за жал, сведоци сме, како што сме сведоци на една јалова дебата во која опозицијата знае дека нема да го смени ставот на мнозинството, мнозинството знае дека нема право и покрај цитирањата на законите и покрај повикувањето на Уставот, меѓутоа погрешната процедура ќе тече и понатаму. Навистина се чудам кога колеги пратеници кои инаку се правници, ќе им кажам на своите колеги, знаете како, вие само се вадите на процедура.

Ако некој во ова Собрание мора постојано да се грижи за процедурата, тоа се токму колегите кои се правници и кои мора да знаат дека процедурата гарантира нешто и дека дури и кога ние што сме политичари, но еве можеби немаме правничко образование, можеби ние би сакале да ја заобиколиме процедурата, тие би требало да бидат оние кои ќе не опоменуваат. Меѓутоа, како многу работи во ова Собрание, работите се поставени на опачки.

Јас не би сакала многу да должам. Се кажаа неколку клучни аргументи. Сакам само да поставам неколку прашања кои ќе го покажат апсурдот.

Денес пред нас доставена е оваа иницијатива од страна на неколку пратеници од различни партии во парламентарното мнозинство, Одлука за огласување и именување на јавен обвинител на Република Македонија. Сите го цитираат Уставот, сите велат, знаете како, уставните измени ги прифати Собранието со 2/3 мнозинство, меѓутоа законот за јавно обвинителство не се усвои. Аполутно е небитно зошто не бил во првите шест месеци или зошто не бил во вторите шест месеци. Најбитно е дека закон за јавно обвинителство ние сеуште немама.

Го поставувам прашањето, зошто тогаш ни бил потребен амандманот 24 кој вели дека Владата ќе предложи јавен обвинител на Република Македонија по претходно мислење од Советот на јавни обвинители.

Ние со денешнава расправа и со денешнава, претпоставувам одлука на парламентарното мнозинство, амандманот 24, усвоен дел од Уставот, ќе го фрлиме во вода. Го фрламе во вода и велиме нема да правиме ваков избор на јавен обвинител во следните шест години, бидејќи пак амандманот 30, на јавниот обвинител му дава мандат од шест години, со право на повторно именување. Значи ние со ваква евентуална одлука на парламентарното мнозинство, велиме адакта дел од Уставот. Инаку, патем речено тоа е единствената измена која е направена во членот 91 од Уставот, со вој амандман. И претходно Владата предлагала јавен обвинител. Единствено што се сметало дека мора да се промени во Уставот е дека тој јавен обвинител Владата треба да го предложи врз база на претходно мислење од Совет на јавни обвинители. Значи, мислам дека беспредметни стануваат серизоните дискусии како ќе ги имплементираме судските реформи, кога ние како Собрание кое ги изгласало уставните измени да ги почитуваме. Очекуваме добра имплементација на судски реформи. Со нашиот пример судските рефорнми, нема да ме изненади ако продолжат во несакан правец.

Второто прашање, зошто сега ќе глумиме судски реформи и ќе велиме во иднина дека ќе се донесе закон за јавно обвинителство, кога еден од главните елементи во законот, а тоа е ограничување на политизацијата на обвинителството, ќе ја прескокнеме. Можеме да формираме совет на обвинители, може тој и да профункционира, ама тој нема да има дадено мислење за јавниот обвинител. Тој нема да може да го искористи правото од амандманот 24.

Имам уште едно прашање зошто воопшто ни треба ваква атмосфера, во ваква клима, со вакво однесување на парламентарното мнозинство, одлука за огласување за именување на јавен обвинител на Република Македонија. Ќе ја запазуваме формата? Ќе се надеваме дека некои квалитетни непартизирани професионалци ќе се кандидираат? Ќе дојдат со сериозни биографии во Собранието и потоа ќе играме фарска, како што ја изигравме пред некој ден во Комисијатам, при избор на членови на Државниот судски совет, каква кариера, какви искуства, каков професионализам и на крај на првите три места ќе дојдат докажани партиски борци. Во исто време кога секој збор од страна на ЕУ, од страна на НАТО е судство, реформи на судство, департизација на судство, независно, компетентно судство и тн. Дајте да ја прекинеме играта која веќе не личи на Собрание на земја кандидат, како вие правевте. Македонија се цени од декември, или јас би рекла од почетокот на 2005 година, според многу повисоки критериуми. Ако претходно велеа, добро Македонија има Спогодба рано и е уште да размислува за членство, денес кога велиме дајте ми датум за преговори, не не слушаат тоа што го говореиме, гледаат тоа што правиме. И ЕУ и НАТО гледаат која дебата се води на вчерашната комисија за избори и иманување, ќе гледаат што ќе говориме во петок и ше речат, од тројцата кандидати,

многу е поврзана темата и покажува начин на владеење, начин на однесување и начин на непочитување на Уставот и на законите, но и на стратешките интереси на Македонија. Истото ќе го направат и со денешната седница, ќеречат да, во ред, зошто власта не ги прави овие чекори по обратен редослед, зошто прво не предложи закон, а потоа да ја почне процедурата за избор на Јавен обвинител. Единствено нешто што може да им падне на ум и што може на јавноста да и падне на ум дека е образложение, е дека Валдата сака и парламентарното мнозинство, да ја заобиколи можната контрола околу решението кое ќе биде предложено. Да не зборувам деа денес кога зборуваме за огласување или некој конкурс за јавен обвинител, веќе се спомнуваат две или три имиза за можен иден обвинител. Зошто глумиме процедура? Освен трпение, во Собранието ни треба и почитување на процедурата и почитување на правото кога другите говорат. Јас се надевам дека колегите ќе имаат уште малку трпение, да го кажам и моето трето прашање.

Ајде да претпоставиме дека тоа опозицијата што го зборува нема никаква врска. Ајде да претпоставиме дека измислуваме пречки за да и ја отежнеме денешната седница на Владата. Меѓутоа ако денес, се она што го слушаме од парламентарното мнозинство се три тези, од типот ни треба обвинител, не можевме да работиме со претходниот обвинител, тоа го дискујтиравме и не сакам да се навраќам и требо не можеме да чекаме носење на зсакн за јавни обвинители заради тоа што немаме време, јас го поставувам клучното прашање. Ако тогаш, пред два месеци го мислеа истото, ако тогаш важеше истата аргументација, зошто на 29 септември Владата даде предлог за разрешување на обвинителот, зошто на 13 октомври Собранието го разреши обвинителот и зошто до ден денес парламентарното мнозинство чекаше два месеци, 60 дена за да напише одлука на половина страница. Зошто, ако навистина желбата било, како што треба да ни биде, успешна, ефикасна, базирана на правото за борба против организиранм криминал и корупција, зошто оваа одлука не не чекаше на собраниские столици на 14 октомври, бидејќи тоа не влезе во процедура. И оваа ја добивме на лице место, испратена е на 7 декември, денес се додава како тока на дневен ред. Зошто, ако толку мислиме со право дека ни требал јавен обвинител, денес или вчера, зошто оваа постапка не почна тогаш кога мораше да почне, ако веќе парламентарното мнозинство знаело дека не и треба закон за јавно обвинителство. Или, а ова е уште посериозно, зошто, ако Владата од почетокот знаела дека и треба квалитетен, професионален и независен јавен обвинител, и ако сметала дека обврска на Владата и на парламентарното мнозинство е да ги почитуваат Уставот и законите, зошто од првиот ден не предложи нов закон за јавно обвинителство, па целава денешна дебата да биде преспредметна, да не постои. Да ги имаме чекорите така како што се логични, нормални и согласно со Устав и со закон. Јули, август, септември, октомври, ноември, декември, шест месеци. Некој рече Владата беше формирана подоцна. Јас претпоставував дека Владата има и клан и пред да се кандидира на изборите, но еве нека било и подоцна да е избрана. Септември, октомври, ноември и декември, четири месеци нема закон за јавно обвинителство. Никој нема да може да ја убеди, ниту македонската, ниту Меѓународната заедница и јавноста дека вистинската намера на Владата не била, всушност да нема закон за јавно обвинителство за да може да се диктира кој ќе биде посакуваниот јавен обвинител, од страна на Владата, од страна на Парламентарното мнозинство, од страна на владеачката партија или на премиерот. Тоа никој не може да го објасни.И на крајот, бидејки веќе беше спомнато, мислам дека веќе влегуваме во опасна зона, во многу опасна зона во која мислиме дека пораките кои што ни стигнуваат од бизнис заедницата во Македонија, од македонските граѓани, од исмтитуциите во кои сакаме да влеземе, да кажуваат проформа дека ни веруваат на најавите и добрите желби, дека кога ќе речат и треба независно судство и треба поквалитетно обвинителство, тие мислат само дека така вели законот. Додека нема да ја гледаат процедурата во која што ги рушиме шансите и за квалитетно и за независно обвинителство и за обвинителство кое што ќе биде успешно во својата работа и за судство кое ќе гарантира заштита на човековите права, но и борба против организиран криминал и корупција.

Гледаме сите каде оди дискусијата. Значи, никој нема илузии дека ќе го промени мислењето на мнозинството, меѓутоа, нека биде кажано и нека знаат сите оние кои што денеска ќе гласаат дека даваат уште еден глас против Македонија поквалитетна држава, против Македонија побогата држава, против Македонија држава интегрирана во НАТО и Европската унија.

Бидејки некои од моите колеги очигледно сакаат или да се лидери, или да се до лидерот, јас би предложила претседателот или потпретседателот на Собранието да побара од четирите партии кои учествуваат во лидерските средби, координаторот на најголемата пратеничка група да учествува на лидерските средби и потоа да знае кој што кажа. Да не биде тој доведен во недоумица, ниту пак да ја дезинформира македонската јавност, дека наводно некој од опозицијата, или конкретно јас, замислете сум барала да биде избран јавен обвинител, пред да биде донесен законот за Јавно обвинителство.

Може да му се сугерира на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, од денеска да го повикува и господинот Трајко Вељановски на овие средби. Ќе биде поинформиран, нема да може да дезинформира, освен ако немал намера од страт тоа да го прави. Ако е заинтересиран може да ги погледне и белешките од претходниот состанок,

меѓутоа, ве молам дозволете опозицијата сама да го каже своето мислење. Немојте да ставате зборови во наша уста, немојте да претпоставувате што сакал авторот да каже. Она што го зборуваме е истото со нашите тези од 13 октомври, истото од тезите кои што ги користевме и во претходните дебати. Истото е кажано и на лидерските средби.

Тие констатации можат да се подведат под една реченица: Сакаме Република Македонија да добие држава, да добие систем судски, обвинителски, во кој што ќе владее правото, а нема да владеат партиските послушници. Ако тоа ви пречи, терајте понатаму. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам. Сите пријавени, претпоставувам дека се за реплика.

Прв е господинот пратеник Владимир Ѓорчев.

Повелете три минути реплика.

**Владимир Ѓорчев:** Ја следев внимателно дискусијата на пратеникот Радмила Шекеринска и што е она што може да се извади како заклучок.

Намерата на Радмила Шекеринска преку ваквите дискусии е да имаме неефикасни институции, неефикасно судство неефикасен обвинител, кој што ќе го нема. Закони кои што ништо нема да регулираат и материја која што ќе остави статус кво, по однос на ситуација каква што имавме до сега. 105-то место на лситата на корупција и тоа конкретно заслужено место од Владата на која што вие бевте втор човек.

Госпоѓа Шекеринска не водете туѓи битки. Не ги водете битките на Бранко Црвенковски. Вашата желба за неефикасни институции значи заштита на олигарсите кои што ги контролира Бранко Црвенковски. Тие олигарски, не ги контролирате вие, туку ги контролира Бранко Црвенковски, исто како што не ја контролирате партијата, која што формално ја водите, туку ја контролира Бранко Црвенковски. Не водете туѓи битки и не ги заштитувајте луѓето кои што не го заслужуваат тоа. Исто така, немојте да бидете нервозни, затоа што имињата како Коста Младеновски, Тони Мицајков, Димитар Богдан и другите тутунски босови го втурнаа Прилеп во деценсиска, историска сиромаштија, а од друга страна видовме милионски профити. Тоа е вашиот мотив да дискутирате вака, да го кажувате ова и едноставно, да имате желба за неефикасни институции. Неефикасни институции кои што ќе овозможат Македонија да тапка во место, Македонија и понатаму да биде на 105-тото место кое што го овозможи и заслужи вашата Влада, во која што вие бевте втор човек и едноставно, олигархија која што ја контролира Бранко Црвенковски. Не ги водете туѓите битки, затоа што тие луѓе не ја заслужуваат вашата одбрана.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, процедурално пратеникот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе, како координатаор на пратеничката група на СДСМ морам да реагирам, затоа што не се држите до Деловникот и кога пратеникот зборува надвор од темата употребува имиња кои што не се тука и кои што немаат врска, кога нема основно елементарно и сеуште нема завршено факултет, почитување на презумцијата на невиност и спомнува луѓе кои што имаат и фамилии и пријатели и роднини, а се моментално во притвор, јас мислам дека мора да реагирате, ниту од овој аспект, ниту од аспект на почитување на политичката партија на СДСМ, каде што се импутира тука. Затоа ве молам, држете се до Деловникот, затоа што секој пратеник, мора да се држи до достоинството на Собранието, а тој ако си е мивка, нека си остане мивка. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам,

Ја прифаќам забелешката на пратеникот Јани Макрадули.

Процедурално три минути пратеникот Оливер Шамбевски. Повелете.

**Оливер Шамбевски:** Почитуван потпретседателе, мојата процедурална

интервенција е апсолутно иста, со она што го кажа почитуваниот пратеник Јани Макрадули. Значи тоа што тој го побара требаше да внимава како го дефинира. Значи истата забелешка важи и за него.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам,

Повелете господине Ѓорчев.

**Влатко Ѓорчев:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, веројатно на почетокот на седницата систе слушнавме дека Бранко Црвенковски е поканет на оваа седница.

**Иван Анастасовски:** Ве молам, без имиња на луѓе кои не се присутни.

Процедурално за збор се јавува господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, за да видиме како ќе продолжиме со текот на седницата, во име на пратеничката група барам еден час пауза.

**Иван Анастасовски:** Објавувам пауза од 30 минути.

(По паузата седницата продолжи во 13,47 часот)

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги, една минута контрареплика Радмила Шеќеринска.

**Радмила Шеќеринска:** Благодарам потпретседателе.

Ова се надевам дека ќе биде последната контрареплика кон пратеници кои што и самите велат дека немаат рејтинг кој што можат да го изгубат, па заради тоа дискутираат на ваков начин и на вакво ниво.

Меѓутоа, жалам, што морам да контактирам дека и колеги кои се помлади од мене не можат да се ослободат од дискусии само за минатото, не можат да се ослободат од свои фрустрации, не можат да се ослободат од свои комплекси и не знаат да дискутираат на тема. А, ако некој мисли

дека во ова Собрание нечија туѓа е битката за нормална држава, за правна држава, за непартиски јавни обвинители, за квалитетно судство и за европска Македонија, тогаш ќе дозволат дека со нив не се согласуваме. Тоа е наша обврска и тоа е моја битка. А тие нека дискутираат за други имиња, нека дискутираат за други луѓе, нека дискутираат за олигарси кои што секогаш им припаѓаат на некои политички партии, или на некои политичари. Тоа е нивен проблем, нивен комплекс и нивна фрустрација. Тоа колку и да сакам не можам да го променам, ниту да им помогнам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Следен за реплика е пратеникот Трајко Вељановски. Повелете три минути.

**Трајко Вељановски:** Благодарам потпретседателе.

Пратеничката Радмила Шеќеринска кажа една невистина. Мавташе со одлуката во која што кажа дека е потпишана само од парламентарното мнозинство. Не е точно. Потпишана е и една опозициона партија. Тоа е ЛДП. Не е потпишана, ви беше дадена вам, не вам лично, туку на пратеничката група и на ДУИ да ја потпишете. Прашајте се зошто вие не ја потпишавте таа одлука. Дали евентуално се плашите дека можеби ќе бидете под обсервација дека вие како пратеничка група и ДУИ, односно вашето владеење од новиот јавен обвинител. Тоа е едната работа.

Во однос на тоа што кажувате дека вие не сте барале да се именува нов јавен обвинител, тоа сите медиуми го кажаа, во кои што едно од барањето што го испорачавте на власта беше побрзо да се именува јавен обвинител на Република Македонија, затоа што вака обезглавено јавно обвинителство не може да функционира.

Трето, кое што го кажавте, зошто сме брзале да се разреши Александар Прчевски. Александар Прчевски беше штета што по четири години беше јавен обвинител и не дозволуваше уште еден ден да биде како јавен обвинител. Затоа што, ако останеше Александар Прчевски како јавен обвинител, сите овие работи што се случуваа во Тутунскиот комбинат Прилеп со бачилата тој ќе ги спречеше. И во тој случај, затоа Владата се реши да го разреши Александар Прчевски што Собранието го одоброволи тоа.

Едно е јасно и на сите им е јасно дека во моментот постои закон за јавно обвинителство, донесен во 2004 година. Додека не се донесе нов закон за јавно обвинителство, тој е во важност. Без оглед што во уставниот закон кажува дека треба во рок од девет дена да се донесе нов закон за јавно обвинителство.

Во однос на некоја промена на мислење или навики кај вас постојат. Ние, односно Владата кажа дека ќе се овозможи јавен обвинител странец.

Со новиот закон за јавно обвинителство, ако вие како пратеничка група дадете дозвола затоа што потребно е двотретинско мнозинство за носење на тој закон за јавно обвинителство, верувајте, ќе има вградено одредба во тој закон, во кој што ќе биде овозможен јавен обвинител странец во Секторот за организиран криминал и корупција, кај што најмногу пати Република Македонија, каде во тој сектор во однос на забелешките на ЕУ, се токму во корупцијата и организираниот криминал.

Верувам дека вие ќе ја дадете поддршката за тој двотретински закон и за тоа, врз основа на тоа, мислам дека треба да се донесе оваа одлука за да може, таа празнина која сега постои да биде исполнета.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика Радмила Шеќеринска.

**Радмила Шеќеринска:** Мислев дека пратеникот Вељановски не слушнал или не дознал добро. Сега сфаќам дека има намера да ги превртува моите зборови. Барам господинот Вељановски да се извини. Прво, кога ќе ја прочита уште еднаш мојата изјава тогаш каде велам закон за јавно обвинителство и избор на обвинител, а мислев дека правниците ќе знаат што треба прво да се направи и второ, дека велам зошто сте брзале со разрешувањето. Не, јас велам зошто не побрзавте со именувањето. Откако веќе на 13 октомври разрешивте јавен обвинител. Зошто 60 дена молк. Зошто 60 дена немавме ваква иницијатива, зошто 60 дена во Македонија немаше јавен обвинител. Бидејќи да се потсетиме, овој јавен обвинител ќе треба да биде и непартиски и независен и кога ќе третира зошто министерот Трајко Славески набави нафта без јавна набавка. Тука ќе биде тестот на борба против корупцијата и криминалот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Следен за реплика е пратеникот Благородна Дулиќ, повелете три минути.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам.

Пред се, сакам да искажам задоволство што госпоѓата Шеќеринска го удостои Парламентот со своето присуство. Со тоа, веројатно оценила дека оваа точка на дневен ред е многу значајна и дека треба својот придонес да го даде на сегашната седница.

Според мене, навистина е добро што таа е тука, што ги чувме прашањата иако повеќе од тие прашања навистина не заслужуваат одговор. Меѓутоа, при една јасна ситуација да имаме законска основа, да се распише овој оглас за избор на јавен обвинител, при јасни одредби од Уставниот закон за спроведување на уставните амандмани дека до донесување на новиот закон за јавното обвинителство при изборот на обвинителите се применуваат одредбите од Законот од 2004 година при јасна основна уставна одредба дека јавниот обвинител во Република Македонија се избира по предлог на Владата, а изборот го врши Собранието на

Република Македонија. Само заради тоа, што во новиот закон за јавно обвинителство ќе биде предвидено дека при изборот на јавниот обвинител, мислење ќе дава и Советот на јавни обвинители, целата постапка сака да ја направи мамлива за да не се пристапи кон избор на јавен обвинител. Што смета и на кого смета да се избере јавен обвинител. Зошто до сега тоа не е направено, јас моето мислење можам да го кажам, меѓутоа, не е ни важно. Но не е ни никогаш доцна тоа да се направи. И тој пропуст да се исправи, ако е пропуст, што веднаш не се пристапило кон избор на нов јавен обвинител по разрешување на колегата Прчевски.

Според тоа, сите овие прашања што беа поставени дека се глуми дека се сака да се избере непартиски човек, способен човек, дека сака да се направи партизирано обвинителство. Се се тие некои замисли на колешката пратеничка, кои што немаат врска со точката на дневниот ред.

Благодарам.

**Иван Анастсовски:** Една минута контра реплика за Радмила Шеќеринска.

**Радмила Шеќеринска:** Некои прашања не можат да добијат одговор, затоа што парламентарното мнозинство не размислува. Парламентарното мнозинство само гласа. И за жал, денеска се гледа дека за две важни точки, има понатаму и други важни точки, но две клучни точки, како што е јавен обвинител на Република Македонија и Буџетот на Република Македонија за нивната важност, по свесна е опозицијата, отколку мнозинството. Бидејќи не заборавајте дека денеска вие работите без кворум. Вашите пратеници избираат тука да не бидат во салата и опозицијата е таа која овозможува Собранието да работи како што треба. А инаку, точно е едно нешто. Сите сакаат Република Македонија како нормална држава да има јавен обвинител. Власта сака да има свој јавен обвинител. За тоа, нема да ја добиете нашата поддршка.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам. Последен за реплика е пратеникот Александар Николовски, повелете три минути.

**Александар Николовски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

јас би сакал да реплицирам во насока на она што е можеби најотворено и најзборувано прашање од страна на опозицијата а тоа е консензусот и дијалогот.

Денеска би сакал да отворам неколку прашања и да одговорам на неколку прашања, кои што колешката ги постави.

Прво, по однос на коегзистентноста или некоегзистентноста на политиката на ВМРО ДПМНЕ за странец јавен обвинител. Јас би ја потсетил колешката дека Законот за Јавно обвинителство се носи со двотретинско мнозинство и се надевам дека во еден консензус и со еден дијалог ние заеднички ќе се договориме какво јавно обвинителство сакаме во Република Македонија, односно дека одлуката за тоа кој ќе биде јавен обвинител во Република Македонија зборувам право, односно според она што ќе се вика легислатива врз основа на која што ќе се избира човекот кој што ќе биде тоа, ќе ја донесеме со заеднички дијалог и кога зборувам за дијалог, не мислам само на пропуштање, односно на отстапување од првичните позиции на власта, туку исто така, мислам и на опозицијата.

Она што апсолутно ни е потребно во овој момент е да имаме ефикасно јавно обвинителство, заради тоа што се отворија неколку афери кои што бараат своја завршница, за која што зборувате и вие, барате ефикасно и непристрасно да се решат и со тоа се согласувам, но сметам дека на тој начин да се решат, апсолутно ни е потребен и јавен обвинител кој што ќе може да ги затвори, заради тоа што се е спротивно на тоа, односно обидот за одолговлекување на процесот, или уште повеќе опструирање на процесот на начинот на кој што се обидувате да го правите тоа покажува, или барем на тој начин може да се сфати, покажува една желба да не се затвораат случаи од типот на тутунски комбинат Прилеп, од типот на она што царината го открива во изминатиот период, од типот на она што се случува во Макошпед, од типот на она што се индиции за случување во Фершпед итн., кои што за жал, на еден или друг начин се поврзуваат со партијата која што вие ја претставувате, односно ја водите.

И на крајот, кога зборувате за тоа дали ние во овој Парламент дискутираме или не дискутираме, дали имаме дијалог, или немаме дијалог, ве молам да ми одговорите во кој друг Парламент во Европа опозицијата го напушта Парламентот при секој закон. Во кој друг Парламент во Европа се бара од парламентарното мнозинство да обезбеди кворум за работа и во кој друг парламент во Европа се опструира секој еден закон, не ми го спомнувајте само српскиот, било кој друг парламент, освен српскиот со кој што сакате да се споредуваме и каде што сакате да не примите како голема евроинтегратифка, ве молам, кажете каде опозицијата опсруира вака.

Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Последена една минута контра реплика Радмила Шеќеринска.

**Радмила Шеќеринска:** На претходната дебата која што ја имавме со колегата пратеник во Комисијата за надворешни прашања, мислам дека увиде самиот, кога ги чита работите, треба да ги дочита до крај. Кога ги следи примерите на други парламенти трба да ги чита. Овој пат не мораше многуда ги следи другите парламенти. Доволно е да ја следеше својата партија до прд една година. Не беше тука. Не беше тука за уставни измени, не беше тука за судски реформи, но јас се согласувам не е поентата ние да бидеме исто така лоши. Затоа сме денеска овде во Собранието. Меѓутоа, желбите можете да ги

говорите на парламентрна говорница. Реалноста е таа што се брои. Ако Владата сакаше да има закон за јавно обвинителство, денеска ќе го имавме барем во Собрание, па ќе не обвинувавте дека не го поддржуваме со двотретинско мнозинство, можеби со право.

За разлика од Уставните измени, кои веќе се тука, а ние не сме кажале дека ќе ги поддржиме, но Владата бидејќи сака да ги истурка ги пушти во Собрание. За ова прашање, извинете имам уште неколку секунди, за ова прашање Владата не достави дури ни предлог текст.

**Иван Анстасовски:** Ви благодарам.

И последен за збор е пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине потпретседателе.

Реално ќе бидам краток. За она што досега се дискутираше, мислам дека многу мина ја промашија темата. Факт е дека сме држава, факт е дека постои институција јавен обвинител и факт е дека во овој момент немаме јавен обвинител.

Значи, неминовно е потребно да има јавен обвинител. Меѓутоа, суштинското прашање кое е. Прво, она што опозицијата го наметна зошто не се направи премин, односно со разрешувањето на претходниот јавен обвинител да имаме нов обвинител, па се создаде овој вакум од два месеца и трето, зошто сеуште го нема законот за обвинител, односно за обвинителство, со кој практично треба да избереме јавен обвинител. Затоа што потребата е таква каква што е и затоа што мора да има јавен обвинител се наметнува круцијално прашање за мене од правен карактер воопшто, а тоа е следното: сега објавуваме практично конкурс за јавен обвинител на Република Македонија, па за месец или два, евентуално шест месеци ќе го донесеме законот за обвинителство, во кој закон ќе имаме критериуми и сосема други приоди кон избор на јавниот обвинител.

Ако сега го избереме јавниот обвинител, дали тој јавен обвинител ќе има мандат од шест години, како што стои со сегашниот закон, или ќе одиме со преодни одредби, или со други решенија да низ шест месеци или низ три месеци, да не прејудицирам кога ќе биде тој закон, се направи нов избор на јавен обвинител.

По мене, ова е круцијално прашање и околу ова прашање можеби требаше повеќе да се води дебата, а не дали има потреба или нема потреба да има јавен обвинител.

Благодарам за времето што ми го отстапивте.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

(Објавувам пауза до 15,30 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,37 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлог на одлуката.

Има збор Поповски Никола.

Бидејќи Поповски Никола не е присутен, а други не се пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Да почекаме пет минути да се соберат пратениците, сите се на пауза на ручек, а некои пратеници имаат обврска со претседателот на Парламентот на ОБСЕ.

Да дадеме десет минути пауза, да се соберат пратениците зошто имаме гласање.

(Пауза од 15,38 до 16,18 часот).

Ги молам пратениците да си ги завземат своите места.

Ги повикува пратениците кои имаат седница со претседателот на Парламентот на ОБСЕ исто да ни се приклучат, да ја привршуваат седницата, за да продолжиме со работа.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум, а во 16,30 часот претседателот им се обрати на службите).

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат боројот на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум, а потоа претседателот објавува во 16,32 часот).

Заради протоколарни обврски давам уште 20 минути пауза.

(Пауза од 16,32 до 17,32 часот).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Ве молам уште еднаш да се утврди присутноста на пратениците.

Во салата има 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 61 пратеник, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување и именување на Јавен обвинител на Република Македонија.

**Минуваме на точка 2 - Предлог на одлука за огласување именување на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата**

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Отворам птретрес по текстот на Предлогот на Одлуката.

Молам кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, сите 62 пратеника гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување именување на членови

на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Повелете процедурално Вељаноски, три минути.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе, согласно одредбите од Деловникот барам поддршка од 10 пратеници со кои ќе се изгласа одлука од страна на Собранието да се работи после 18,00 часот, со тоа што ние би одлучиле до кога би работеле. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има подршка од десет пратенци?

Да, подршка има.

Повелете Ивановски процедурално.

**Игор Ивановски:** Мислам дека на страна не почитувањето на помалите процедури и за тие ќе кажуваме кога ги правите. Мислам дека се претерува во начинот на третирање на ова Собрание. Саат и кусур чекаме за да се соберат пратениците на владеачкото парламентарно мнозинство за да обезбедите кворум и во денешниот ден 50% не работевме затоа што пратениците од владеачките партии не беа присутни. Следи точка...

(Реакција од пратениците од ВМРО-ДПМНЕ со зборовите “Каде чекате?”).

**Љубиша Георгиевски:** Не упаѓајте ве молам, процедуралната забелешка си е процедурална забелешка и јас ќе одговорам на процедуралната забелешка, според моите задолженија. Не треба да се упаѓа. Повелете.

**Игор Ивановски:** И ние сакаме сериозно да разговараме и дебатираме за Буџетот на Република Македонија. Очекувавме дека тоа ќе го направиме денеска. И не сметам дека со вакви финти ќе се оневозможи и ќе се овозможи всушност да помине расправа за еден многу битен документ на овој начин во вечерните часови откако пратениците во владеачкото мнозинство си ги завршија своите приватни обврски , сега дојдоа па ќе можеме да работиме во време кое не е прифатливо и не е ниту нормално. Оттаму мојата процедурална забелешка до вас е да денеска завршиме онака како што предвидено до 18,00 часот и утре да продолжиме со работа и дискусија по Буџетот на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Прво, не сте во право, а тоа е проверливо можете да го проверете во мојот протокол горе. Јас го примив францускиот амбасадор Сомасие Винтру кој дојде овде да ме советува за собранискиот канал, а потоа примив една делегација од Австрија, претставници на идната Влада. Значи не е точно дека тоа време така помина.

Второ, во најмала рака е цинично да се жалите зошто чекате од ходник, таму сте собрани, секоја ситуација кога има 60 или 61 пратеник ја користите за да не бидете тука. Се надевам дека тоа е легитимно право на секоја опозиција тоа да го прави. Она што не е легитимно и е цинично, е да го прави тоа а после тоа да се жали зошто се чека два часа.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 60 пратеници, воздржано нема, против 5.

Според тоа, Предлогот на господинот Трајко Вељаноски се прифаќа и вечерва работиме до 20,00 часот.

Процедурално, има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Председателе, ве молам во иднина да го почитувате редоследот на пријавување. Јас бев пријавена претходно. Тука како пратеници сме сите еднакви и вие немате право да правите селекција од листата кому ќе му дадете предност, секогаш оди по редоследот на пријавување.

Сакам да укажам дека, и покрај тоа што има неаргументирани обвинувања од страна на парламентарното мнозинство дека излегуваме секогаш кога нема обезбедено кворум, тоа не е точно, затоа што ние покажавме и на претходните седници дека правиме кворум токму за оние закони за кои сметаме дека се за доброто на граѓаните на Република Македонија. Она што не можеме да го прифатиме е насилничкото однесување на парламентарното мнозинство, како што е во случајот по секоја цена да има смена на Јавниот обвинител без да се прифатат аргументите дека тоа не е во согласност со Уставот и дека со тоа е потребен нов закон, за сега да се доведеме во ситуација истото парламентарно мнозинство да предлага објавување на оглас за избор на Јавен обвинител според закон кој што допрва треба да се донесе. Ние не ја потпишавме таа одлука затоа што имавме принципиелни забелешки и кога се вршеше смената на Јавниот обвинител токму од тие причини, меѓутоа бевме присутни и ја потпишавме одлуката за огласување на членови на Антикорупциската комисија и сакам јавноста да го има тоа предвид заради тоа што тоа е принципиелно во правец на нашите заложби и борба против корупцијата.

Она што сакам на вас да ви забележам е дека вие дадовте пауза од само 20 минути во 16,30 часот за протоколарни обврски и јас тоа го почитувам. Меѓутоа, не можам да прифатам кога таа пауза ќе се пролонгира на еден час и кога ниту еден од потпретседателите нема да ја продолжи седницата во рокот кој што вие го определивте. Тоа можевме да го прифатиме додека немавте потпретседатели на Собранието, меѓутоа, очекував од вас да го почитувате вашиот збор како претседател на Собранието, дека паузата ќе трае само 20 минути, а не речиси еден час. Доколку задоцневте уште само една минута ќе беше повеќе од 1 час и согласно Деловникот Собранието ќе мораше да ја прекине седницата.

Дозволете да кажам, сметам дека е тенденциозно пролонгирањето на паузата за да се собере парламентарното мнозинство во доволен број за да може да ја продолжите оваа

седница по 18,00 часот и мислам дека тоа е злоупотреба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Некои од вашите забелешки со задоволство ги прифаќам, пропустот што го направив во давањето збор е моја грешка и тука ви се извинувам.

Друга забелешка што исто така би прифатил е тоа дека јас ќе задоцнев, но јас не задоцнив и по Деловникот паузата може да трае до 1 час.

Трето, она што не го прифаќам никако, кога ние создаваме кворум, односно кога службите ги молам пред очите на цела јавност да рапортираат каков е кворумот не ги молам да ми рапортираат кои пратеници се присутни и од која пратеничка група. Според тоа, јас не правам таква разлика, ниту Деловникот и Уставот прави таква разлика. Тоа е во најмала рака нелегитимно и не треба да се говори така несериозно во Парламент. Јас се трудам со сите сили да имам кворум за работите да одат. Другите препукувања меѓу партиите кој, кога, зошто и како правел воопшто не ме интересира. Значи кога ќе има кворум, ќе работиме, сега има кворум и работиме. Сега истиот тој кворум изгласа да работиме до 20,00 часот и ќе работиме до 20,00 часот.

Продолжуваме со работа.

**Минуваме на 3 точка - Предлог одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите и членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Јас барав збор за да изнесам сугестија.

**Љубиша Георгиевски:** Баравте процедурално?

**Есад Рахиќ:** Да, процедурално барав.

**Љубиша Георгиевски:** Но ние завршивме со процедуралното. Ако е за нешто друго, повелете.

**Есад Рахиќ:** Ако може една мала замолница до вас и до парламентарното мнозинство. Јас ве разбирам за вашата добронамерна критика, за начинот на кој ние го искажувавме својот револт за нешто што се случуваше претходно и за тоа не би сакал да расправам. Ваше парламентрано право е како претседател и нормално на мнозинството во Парламентот да ги одредува правилата на игра.

Меѓутоа, сакам да апелирам до вас, кога влегувавме во салата имав прилика да се сретнам со господинот Фуере и со еден од амбасадорите кои беа на средбата на претседателите на политичките партии, кои беа на средбата за да дадат консензус за донесување на важни законски проекти, кои се однесуваат на иднината на оваа земја.

Да ве потсетам, покрај моето вистинско име Есад Рахиќ, второто би можело да биде и Роберт Бадинтер. Во петок вие ќе барате од мене да гласам за одредени решенија по Бадентеровиот принцип, за кои јас сум спремен да разговараме и да ги подржам вашите предлози, за тоа што сметам дека со донесувањето на тие предлози ќе се придонесе за работењето на овој Парламент и на оваа Влада во интерес на граѓаните на државата.

Би сакал да ве замолам, бидејќи нашите колеги од парламентарното малцинство се обидуваат да укажат, би сакал една замолница до вас да изнесам. Бидејќи станува збор за наредните точки, за Буџетот на Република Македонија, што би рекол еден поранешен пратеник со кој бев личен пријател, мајка на сите битки, сакаме утре да дојдеме и да бидеме подготвени.

Јас имам друг предлог, иако знам дека помина предлогот на пратеникот Вељаноски, но да ги усоиме сите точки до Буџетот, а со Буџетот да почнеме утре и низ една демократска расправа, со убедување да работиме. Тогаш можеме да разговараме и вие ќе ја имате мојата верба и можност за сите оние работи за кои ви требам за гласањето по Бадинтер, по моето второ работно име, ќе имате согласност да можам да помогнам тој проблем да се разреши. Тоа беше моја замолница.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има подршка предлогот на пратеникот Есад Рахиќ од десет пратеници за да работиме по точките до Буџетот, да работиме до Буџетот, а со Буџетот да почнеме следниот пат.

(Се даваат предлози од повеќе пратеници денес да се ислуша и експозето на министерот за финансии по Буџетот).

Еве, договорете се, најдобор кога ќе се договорите. После експозето и така следува еден час пауза, тогаш да си одиме, а експозето ќе трае 15,20 минути.

Ако немате подршка од десет пратеници господине Рахиќ се пропаѓа, но ако има, ќе гласаме.

Уште еднаш прашувам дали има подршка предлогот на господинот Есад Рахиќ од 10 пратеници. Молам да се изјасните со кревање рака.

Добро, има повеќе од 10 пратеници.

Значи, ќе работиме како што беше предложено заклучно со експозето на Буџетот за денес и следниот пат ќе продолжиме понатаму.

Значи, веќе преминав на точката 3.

**Предлог одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите и членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, сите 65 пратеници гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите и членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија

**Минуваме на 4 точка - Предлог на одлука за разрешување и имнеување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев"**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Сосема на кратко сакам да реагирам на составот на членовите на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев". Немаше да имам забелешки доколку беа предложени имиња кои нема да бидат толку политички и партиски обоени, како што се најголемиот дел од членовите на овој Одбор, да не речам сите. Сметам дека ова е многу погрешна политика од страна на парламентарното мнозинство, членови на ваков Одбор, на Одборот на една од најзначаните награди, наградата "Гоце Делчев" да ја етикетира речиси со чисти партиски членови, кои нема да го зајакнат кребилитетот на наградата, туку напротив ќе ги компромитираат и оние кои можеби заслужено ќе ја добијат наградата "Гоце Делчев".

Затоа, апелирам парламентарното мнозинство да размисли уште еднаш дали академик Ташко Георгиев, проф. д-р Ѓорѓи Иванов, проф. д-р Марија Ташева, проф. д-р Александар Штериев, проф. д-р Нури Беџети, проф. д-р Никола Панов, проф. д-р Замир Дика, проф. д-р Методија Мирчевски, проф. д-р Миле Димитриовски, проф. д-р Александар Шиколе, проф. д-р Анастасика Поповска, проф. д-р Агим Вела, проф. д-р Ненад Јоксиковиќ се единствените можни предлози, членови на нивните политички партии да бидат членови на овој одбор за доделување на наградата "Гоце Делчев". Сметам дека со ова се нанесува голем удар на угледот на Одборот и повторно ќе кажам, удар и на угледот на оние добитници на наградата "Гоце Делчев" кои можеби заслужено ќе ја добијат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за пратеникот Трајко Вељаноски, три минути. Повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Не знам зошто на пратеничката Грковска Славица тие лица што ги прочита, на пример академик Ташко Георгиев не и се допаѓа да биде претседател на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев". За нејзе само академик Иван Катарџиев може да биде изгледа претседател на овој Одбор затоа што е прартиски човек, член е во претседателството. Само тој човек може да биде претседател на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев". Другите членови не би сакал поименично да ги читам, но само сакам да укажам дека Комисијата за прашања на избори и именувања оваа предлог одлука ја направи врз основа на предлозите што беа добиени од Министерството за образование и наука. Врз оснава на предлози што се добиени од Министерството за образование и наука, Комисиајта ја предложи предлог одлуката и ја изгласа на седницата што се одржа вчера, па врз основа на тоа сметаме дека не би требало некој некого да етикетира партиски. Сепак се тие професори и доктори на науки како што прочита, како што беа  професори и доктори и академици во претходниот состав на Одборот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за пратеникот Славица Грковска.

Повелете една минута.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Јас воопшто не навлегувам во квалитетот на решенијата. Не спорно е дека  се сите професори со титули, во нивните звања можеби се едни од најдобрите, меѓутоа, пречи тоа што тие се истакнати партиски личности, што дава друг белег на одборот. Ако ја погледнете претходната листа на членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев", ќе видите дека речиси сите не се партиски членови. Јас прифаќам за господинот Иван Катарџиев, тоа стои, меѓутоа, Иван Катарџиев е еден меѓу останатите 10-на кои не се партиски членови, а меѓу другото е академик. Значи не е предложен по партиска линија.

Меѓутоа, симптоматично е што во овој предлог сите се партиски членови.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор побара пратеникот Марјан Додовски.

Повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Јас би сакал да истакнам дека во текот на вчерашната седница на Комисијата на која се разгледуваа овие предлози на Комисијата за избори и именувања го кажав ставот дека нема да дадам зелено светоло за овој состав на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев" од неколку причини. Не би сакал да навлегувам во партискиот состав, односно партиската припадност на дел од кандидатите кои се овде предложени во одборот, меѓутоа, изразувам на некој начин соменж во делот на предложените личности дека можат најсоодветно да одговорат во однос на доделување на

наградата “Гоце Делчев”, сепак се работи за една награда која е достижна, која е статусна во нашата држава и навистина ценам дека требаше да има една поширока координација во однос на составот на овој Одбор.

Би сакал да истакнам дека нема да ја подржам предлог одлуката и ќе гласам против предлог одлуката.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор побара Валентина Божиновска. Повелете.

**Валентина Божиновска:** Почитуван претседателе,

Апсолутно се согласувам и со господин Додовски и со Грковска Славица. Навидум започнавме и наградите да ги партизираме, за жал, господине Трајко Вељаноски, Гоцевата награда не припаѓа само на ВМРО-ДПМНЕ. Значи сепак требаше малку да научите за академик Ташко Георгиев, кој писател е, што има напишано, кога добил награда, за што, дали е прозаист, дали е романсиер, да го претставите тука како претседател на Одоборот но очигледно не сте се подготвиле.

И друга работа, ниеден освен од ДПА претставник и од ВМРО-ДПМНЕ не гледам, значи нема, ниту од Социјалистичка партија, ниту НСДП, ниту ВМРО Народна партија.

Според тоа, ќе гласам против овој Одбор и се надевам дека можам веднаш да ви кажам кои ќе бидат добитници на “Гоцевата награда”, за едно две недели ќе кажам кои ќе бидат добитници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Јаневска Весна, повелете.

Не, не се јавува за збор.

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66, за гласале 58, воздржани нема, против 8.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев”.

**Минуваме на точка 5 - Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.**

Предлогот на Буџетот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Го молам министерот за финансии, господинот Трајко Славески да го презентира Предлогот на Буџетот на Република Македонија.

Има збор министерот за финансии Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Добровечер господа пратеници,

Најпрво да ви честитам за напорната работа денес и подготвеноста да работите и во овие вечерни часови. Тоа го сфаќам како знак на заинтересираност за еден од најважните документи што Владата го предлага до Парламентот на Република Македонија.

Дозволете ми на почетокот на моето излагање да ве поздравам и да ви посакам конструктивна и ефикасна работа.

Пред вас за дискусија е Предлог Буџетот за 2007 година, кој претставува основен инструмент за спроведување на економската политиката и одраз на напорите на новата Влада на Република Македонија за остварување на поставените програмски цели.

За прв пат од независноста на Република Македонија, оваа година Владата во изборна година успеа навремено да подготви Буџет за наредната година, со што се испочитува законската одредба, а истовремено се обезбеди непречено извршување на функциите на државата.

Анемичниот пораст на македонската економија, присутен во претходните години, се очекува значително да се надмине во перидот 2007-2009 година, со остварување на просечната стапка на раст на БДП во овој период од околу 6 до 7 отсто. Притоа, поттикнувачи на економскиот раст ќе бидат инвестициите и извозот, при што се очекува интензивирање на инвестициската активност, особено на полето на странските директни инвестиции. Поради високото учество во структурата на БДП, главниот двигател на економскиот раст ќе биде индустриското производство, а се очекува пораст и во другите економски сектори.

Главен поттикнувач на растот на расходната страна се очекува да биде личната потрошувачка, чиј придонес во растот би бил помеѓу 3,5 и 5 процентни поени. Ваквата претпоставка се базира на очекуваниот пораст на нето платите од 2,5 до 4 отсто во наредниот период, порастот на кредитирањето на населението од 20-30 отсто годишно, како и очекуваното стабилно ниво на приватните трансфери.

Во согласност со заложбата на Владата на Република Македонија за дисциплинирана фискална политика, придонесот на јавната потрошувачка во БДП во идниот период ќе се движи помеѓу 0,5 и 1 процентни поени.

За разлика од изминатиот период кога инвестициите немаа значителен придонес во растот на БДП, во наредниот период, согласно интензивираната реформска агенда на Владата на Република Македонија, подобрената деловна клима, како и кандидатаскиот статус на Република Македонија за едно членство Во Европската Унија, се очекува да се подобри овој тренд. Така во наредниот период се очекува бруто инвестициите просечно да растат помеѓу 10 и 15% и да имаат придонес во растот од околу 2 процентни поени.

Во правец на натамошно одржување на ценовната стабилност во економијата како основна монетарна цел, ќе делува и монетарната политика. Во исто време, ќе продолжи и примената на стратегијата на таргетирање на номиналниот девизен курс во однос на еврото, со што одржувањето на стабилноста на девизниот курс на денарот ќе претставува индиректна монетарна цел.

Во доменот на надворешно-трговската размена, основен приоритет на трговската политика и понатаму ќе биде создавањето на услови за зголемување на извозот на стоки и зголемување на учеството на македонските производи на меѓународните пазари. Во тие рамки се очекува просечно реално зголемување на извозот на стоки за околу 10 отсто на годишно ниво, при истовремен просечен реален пораст на увозот на стоки за околу 8-9 отсто. На тој начин, се очекува извозот постепено да го заземе своето место како најзначаен фактор во процесот на интензивирање на економскиот раст во земјата.

Ваквите движења во надворешно-трговската размена ќе доведат до постепено намалување на трговскиот дефицит на Република Македонија, кој согласно проекциите, до крајот на 2009 година ќе се движи на ниво од околу 17 отсто од БДП.

Почитувани пратеници,

Вака дефинираните политики, креирани во функција на остварување на стратешките приоритети, како и забрзување на интеграциските процеси во ЕУ и НАТО, се основа за проекциите на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Најпрво би сакал да истакнам дека иако Буџетот на Република Македонија е значително оптоварен со таканаречените недискрециски трошоци,еден стручен термин што економистите го користат за веќе преземени обврски кои се резултат на законски обврски, особено во социјалната сфера, сепак Владата се одлучи за големи чекори во даночната политика, со цел менување на досегашната функција на државата, односно нејзино поставување во функција на развој на приватниот сектор. Една од најзначајните реформи што треба да се спроведе преку овој предлог-Буџет и пакетот закони од фискалната сфера е преминот кон ниски и еднставни даноци.

Почитувани членови на македонскиот парламент, поддржувајќи го овој предлог-Буџет и измените во соодветните закони од даночната област, ќе бидете дел од еден од најхрабрите и најрадикални економски зафати во поновата историја на Република Македонија.

Вие ќе придонесете да станеме земја со најниски даноци во Европа, што несомнено ќе создаде простор за зголемување на странските директни инвестиции, отворање на нови работни места и намалување на сивата економија. Време беше за радикален пресврт – во нашата земја разликата меѓу нето и бруто платите е меѓу највисоките во светски рамки. Работниците со право се жалат на ниските плати. Истовремено, работодавачите се жалат на високите вкупни трошоци за ангажираната работна сила.

Нашите аналитичари, луѓето кои ја подготвуваат програмата, Владата на Република Македонија, смета дека оваа разлика меѓу нето и бруто платата, оптовареноста на платите со даноци и придонеси е еден од факторите што придонесуваат за нестандардно високата стапка на невработеност што ја има Република Македонија. Ние сакаме со ваша помош и разбирање да го промениме тоа.

Почитувани, даночните реформи што ќе ги предложиме во сферата на економската политика и рефлектирани во Буџетот, не се далеку од една мисла на еден од основачите на економијата како наука, Адам Смит, пред повеќе од 230 години. Ќе ми дозволите само една реченица што тој ја има напишано тогаш, нешто што важи и сега.

Смит има речено дека малку нешто е потребно една земја да излезе од мизерија и да тргне по патот на прогресот и богатството, отколку три работи. Прво мир во земјата, второ лесни, тој вели, ниски и едноставни даноци и трето, толерантно ниво на спроведување или на функционирање на правната држава. Овие зборови и денес имаат големо значење.

Почитувани,

Воведувањето на концептот на рамен данок, кој покажа вонредно добри резултати во повеќе земји е насочено кон поддршка на развојот на приватниот сектор, преку намалување на даночното оптоварување, поедноставување на даночните процедури, стимулирање на вработеноста и особено привлекувањето на странски директни инвестиции.

Рамниот данок не претставува воведување на нов данок, како што можеше, најверојатно затоа што не беше објаснето најдобро, да се слушне во јавноста, туку, напротив тоа значи намалување на даночната стапка кај персоналниот данок од доход од постојните 24,18 и 15 отсто на 10 отсто и намалување на стапката кај данокот на добивка од 15 на 10 отсто. Во 2007 година како транзициска година во оваа смисла на спроведување на радикална реформа, стапките кај двата вида даноци ќе изнесуваат 12 отсто. Заедно со воведувањето на нулта стапка на реинвестирана добивка, како една од најрадикалните мерки во овој регион, овие мерки претставуваат само една од заложбите на Владата за директно забрзување на економскиот раст.

Тргнувајќи од овој основен постулат на приходната страна, Буџетот за 2007 година постепено се здобива со карактеристики на Буџет на земји кои го надминале транзицискиот период.

Како поткрепа на ваквата констатација е секако и изменетата структура на расходната страна, во рамките на која покрај обезбедените средства за сервисирање на законските обврски се содржани и средства наменети за директна поддршка на

реформските активности согласно Програмата на Владата.

Предложениот Буџет за 2007 година предвидува благо релаксирање на повеќегодишната рестриктивна фискална политика, односно минимален пораст на буџетскиот дефицит.

Почитувани пратеници,

Фискалната политика за 2007 година ќе се реализира во рамки на вкупно планираните расходи од 112.016 милиони денари, кои пак при променета даночна политика ќе се финансираат од оценетите приходи на ниво од 108.622 милиони денари. Со проекцијата на приходите и расходите, дефицитот на Буџетот на Републиката е планиран во висина од 3.394 милиони денари, односно 1,0% од планираниот бруто домашен производ. Вака планираниот дефицит, во себе го вклучува дефицитот на централниот буџет кој изнесува 2.805 милиони денари или 0,8 отсто од планираниот бруто домашен производ и дефицитот на Фондот за магистрални и регионални патишта планиран во износ од 540 милиони денари, односно 0,2 отсто од планираниот бруто домашен производ. Едниот и другиот дефицит 0,8 и 0,2, го чинат вкупниот дефицит од 1% од бруто домашниот производ.

Споредено со 2006 година дефицитот на Буџетот на Република Македонија за 2007 година е проектиран на повисоко ниво за 0,4 процентни поени. Зголеменото ниво на дефицит, кое е одраз на вклучените реформи како на приходната така и на расходната страна на Буџетот, не значи нарушување на контролираната буџетска политика, која е поддршка на монетарната политика и макроекономската стабилност.

Во текот на 2007 година ќе продолжиме со редовно сервисирање на обврските по основ на домашно и надворешно задолжување, при што е планиран и предвремен откуп на дел од обрските по основ на кредитни пласмани со релативно полоши услови, а притоа посебен акцент е ставен на одржување на надворешниот долг на оптимално ниво.

Имајќи предвид дека Централниот Буџет предизвикува посебен интерес, подетално би се осврнал на овој дел од Буџетот на Република Македонија.

Централниот буџет е носечкиот столб на Буџетот на РМ во кој главно се вклучени ефектите од реформските активности како во даночната сфера така и во зголемувањето на одделни буџетски ставки, што ќе овозможат имплементација, спроведување на судските реформи, регулаторните реформи, јакнење на конкуренцијата и подобрување на деловното опкружување, поддршка на земјоделието, развој на образованието, културата итн.

Вкупните приходи на централниот буџет се планирани на ниво од 74.510 милиони денари, во кој износ доминантно учество имаат изворните приходи кои се застапени со 97 отсто.

Даночните приходи во 2007 година се планирани во износ од 61 милијарда денари, и во однос на 2006 година се зголемени за 5%. Структурно набљудувано, најголемо е учеството на домашните даноци на стоки и услуги (ДДВ и акцизи) на кои отпаѓаат 70% од даночните приходи.

Со даночната политика за 2007 година се предвидува продолжување на процесот на хармонизирање на легислативата со современите даночни системи на развиените пазарни економии и од тој аспект ќе се продолжи со даночните реформи во целокупната даночната област. Паралелно со овој процес ќе продолжат сите мерки и активности во обезбедувањето на ефикасност во утврдувањето и наплатата на даноците и водење на засилена борба со даночните измами.

Соработката меѓу Управата за јавни приходи, Финансиската полиција и Царинската управа ќе добие поголем интензитет во откривањето на даночните затајувања и нелегалниот увоз, а со нивното спречување и преземање на санкции за сторителите ќе се обезбеди зголемување на приходите по основ на даноци и царини.

Во 2007 година се очекува засилено интензивирање на економската активност, што ќе доведе до подобрување на економските перформанси, проширување на даночните бази и зголемување на приходите кај речиси сите видови даноци, со исклучок на персоналниот данок на доход и данокот на добивка поради воведување на рамниот данок. Загуба на приходи, тоа што ќе биде само од привремен карактер

Во 2007 година покрај засилената борба против корупцијата и даночната евазија, дел од буџетски приходи кои ќе се изгубат поради намалување на даночните стапки и укинувањето на царинската давачка од 19 евра по царинска декларација што ќе важи од 01.01.2007 година, треба да бидат надоместени со зголемување на царинските приходи преку модернизација и јакнење на техничката основа и институционалниот капацитет на Царинската управа. Тука пред се станува збор за набавка и користење на софистицирана опрема за рендгенско скенирање на камионите или контејнерите со кои се превезува стоката, како и со ангажирање на меѓународно призната и искусна консултантска куќа за професионално менаџирање на царинските постапки. Во Буџетот за 2007 година приходи по основ на царини се планирани во износ од 5.5 милијарди денари.

Во 2007 година во функција на зајакнување на приходната страна земено е во предвид изедначувањето на акцизните стапки кај цигарите од домашно производство и од увоз, со истовремено поместување во висина од 10% од вкупниот износ на акцизата за овие добра, како и зајакнатите усогласени и координирани контроли на Управата за јавни приходи и Царинската Управа, согласно што приходите од акцизи се

оценети на ниво од 12 милијарди денари, поточно 11.947 милиони денари.

Проектираните приходи од данокот на додадена вредност за 2007 година изнесуваат 30.390 милиони денари, што е за 11% повеќе во споредба со Ребалансот на Буџетот за 2006 година. Зголемувањето се очекува како резултат на порастот на економските активности во земјата кои заедно со зголемената инвестициона активност ќе имаат влијание врз крајната потрошувачка и заздравувањето на македонската економија.

Почитувани пратеници,

Овој буџет се карактеризира и со изменета структура на расходната страна, во рамките на која покрај обезбедените средства за сервисирање на законските обврски содржани се и средства наменети за директна поддршка на реформските активности согласно Програмата на Владата на Република Македонија.

Расходите на Централниот буџет се планирани на ниво од 77.315 милиони денари, што претставува незначително зголемување од 1,4% во однос на 2006 година, со фактичко намалување заради макроекономските усогласувања. Во овие рамки тековните расходи изнесуваат 85,8%, а капиталните расходи учествуваат со 14,2%.

Тековните расходи од аспект на нивното користење кое е резултат од постојните законски решенија и склучените договори за заеми, и во текот на 2007 година го задржуваат недискрециско карактер, но за прв пат оваа година вклучуваат и расходи наменети директно за поддршка на приватниот сектор, поддршка на активни мерки за поттикнување на вработувањето, унапредување на образованието, поддршка на земјоделството, како и поддршка на интеграциските процеси во Европската унија и НАТО.

Во прилог на ова се, секако, предложените буџети на поделни буџетски корисници, кои се воедно и носители на реформските активности и тоа:

Како поддршка на се поизвесната интеграција за членство во НАТО алијансата во 2008 година, со очекуваната покана за членство во 2008 година, поддршката е изразена преку Буџетот на Министерството за одбрана кој е на ниво од околу 2,3% од планираниот БДП. Истиот вклучува значителен износ на средства наменети за набавка на опрема согласно стандардите на НАТО во износ од околу 1,1 милијарди денари. За првпат во наредната година е исполнета и препораката од НАТО за финансирање на мировните и хуманитарните мисии на припадниците на АРМ во странство надвор од Буџетот на Министерството за одбрана, односно се планирани 150 милиони денари за оваа намена во Разделот Фукнции на државата.Појаснувам,за прв пат овие активности ќе се финансираат надвор од Буџетот на Министерството за одбрана во износ предвиден од 150 милиони денари. Како дел од интеграцискиот процес во НАТО алијансата,се предвидува евроатлантски партнерски совет, скратено ЕАПС при што Република Македонија е земја домаќин. Оваа значајна средба е веќе во подготовка. Се водат интензивни активности и треба да се одржи во јуни наредната година. За оваа цел се обезбедени средства во износ од околу 120 милиони денари.

Како поддршка на промотивните активности, а со цел привлекување на директни странски инвестиции, е обезбедено зајакнување на буџетот на Агенцијата за странски инвестиции-Инвест Македонија, како и значителен износ на средства од околу 400 милиони денари во Буџетот или буџетите на Министерство за економија и на Влада на Република Македонија. Овие средства ќе овозможат етаблирање на македонските брендови како поддршка на домашните производи и инвестиции во технолошко-индустриските развојни зони Бунарџик и планираната во Штип. Во функција на развој на економијата, во Буџетот за 2007 година се планирани средства во износ од 92 милиони денари за формирање на мешани инвестициски, таканаречени Еквити фондови.

За зајакнување на образовниот процес и подобрување на условите во училиштата и студенските и ученички домови, Буџетот на Министерството за образование во однос на 2006 година е зголемен за 17%. Овие средства се предвидени за зголемување на капиталните расходи, за изградба и реконструкција на училишта, вклучително и опожарени, ученички и студенски домови, компјутеризација на основното образование, обезбедување превоз на ученици во 30 најсиромашни општини на Република Македонија, ученички и студенски стипендии, како и буџетско учество на кредитната линија од Светска банка за модернизација на образованието.

Исто така е планирано зголемување на наменската дотација до ЕЛС за 233 милиони денари, кои во однос на 2006 година се зголемени за близу 21%. За овие средства ќе се овозможи редовно подмирување на тековните расходи на училиштата и разрешување на проблемите со кои се соочуваат општините во изминатиот период, особено во делот на комуналните услуги.

Почитувани,

Овој Предлог-Буџет содржи други новитети во образованието. Во него се предвидени средства за инвестиции во спортот и физичката култура, главно во основното и средното образование. За таа цел се предвидени средства за реконструкција или изградба на училишта и спортски сали. Генерално, за поддршка на спортот во Републиката се предвидени речиси двојно повеќе средства во однос на претходната година за активности на Агенцијата за млади и спорт.

Поголем дел од средствата се наменети за изградба на помошни фудбалски игралишта, довршување на спортските сали, како и за трансфери до националните спортски федерации, спортски клубови, за реализација на младински политики и за поддршка на меѓународниот спорт.

Како поддршка на подобрувањето на квалитетот на здравствените услуги во Буџетот на Министерството за здравство е планирано значително зголемување на средствата наменети за финансирање на здравствените програми. Имено дополнителните 250 милиони денари обезбедени со предложениот буџет за 2007 година претставуваат зголемување од 76% во однос на средствата за оваа намена во тековната 2006 година. Истовремено во овој буџет се опфатени и кредитните линии од Светска банка и Италијанската влада наменети за реформи и опремување во здравството, за кои е обезбедена и соодветна буџетска поддршка.

Согласно ветувањето на Владата за зголемување на Буџетот за земјоделие, односно директната поддршка на земјоделството за 2007 година, се планирани 1,1 милијарда денари за Програмата за поттикнување на земјоделството, како и околу 300 милиони денари за реализација на здравствената заштита на животните и растенијата. Планираното ниво на средства за овие програми во 2007 година вклучува пораст од околу 5% во однос на Ребалансот за 2006 година, се сеќавате само пред еден месец значително го зголемивте износот на оваа ставка и сега повторно за 5%, а значителен пораст од околу 200% во однос на иницијалниот Буџет за 2006 година, кога биле одобрени само околу 600 милиони денари. Во рамките на овој буџет се планирани и средства за буџетска поддршка на кредитите за изградба на хидросистеми и рехабилитација на наводнувањето, како и средства за отпочнување на работа на Платежната Агенција за менаџирање на средствата кои ќе се користат од претпристапните Фондови на Европската унија.

- За инвестиции во културата согласно програмата на Владата, за прв пат во Буџетот на Министерството за култура се планирани значителни средства во износ од 560 милиони денари. Со овие средства се обезбедува заштита на културното наследство преку зголемена грижа за националните културни вредности и интереси и нивна валоризација во брендот Македонија. Поддршката е планирана да се реализира преку финансирање на проекти за реставрација на знаменитости, археолошки локалитети, инвестирање во изградба на нови историски културни објекти, историски музеи и реставрирање на автентични споменици на културата.

Во овие рамки се планирани изградба на Стариот театар, реставрација на Скопската тврдина, изградба на Градска куќа и Концертна сала во Скопје, понатаму, изградба на музеи, цркви и споменици ширум Македонија, како и реставрација на куќата на Мајка Тереза.

Почитувани,

За намалување на невработеноста како еден од најгорчливите проблеми на македонската економија, во буџетот на Министерството за труд и социјална политика се планирани средства за поддршка на активни мерки во оваа сфера. Овие средства, надополнети со средствата од посебниот фонд при Агенцијата за вработување, други донаторски средства, согласно оперативниот план за активни политики на Владата на РМ се наменети како поддршка на самовработување тн (семејни бизниси), субвенционирање на вработување на деца без родители, самохрани родители и хендикепирани лица.

Расходите за плати, наемнини и надоместоци, се планирани во висина од 24.183 милиони денари, што претставува зголемување од 3,7% во однос на 2006 година. Имено, вака планираното ниво на масата на плати во себе го вклучува значителниот ефект од декомпресијата на платите на вработените во образованието, декомпресија читај зголемување, детската и социјална заштита и културата, континуитетот на принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Македонија, како и ефектот од воведување на рамниот данок, односно преминот кон концептот на рамниот данок, те намалување на стапката на персоналниот данок.

Најзначаен дел од тековните расходи е наменет за трансферите до вонбуџетските фондови во износ од 16.164 милиони денари. Зголемувањето на овие трансфери е резултат на следното:

Се обезбедуваат средства за Фондот за ПИОМ, Фондот за здравство и Агенцијата за вработување, кои се јавуваат како недостаток во делот на нивните изворни приходи по основ на намалување на персоналниот данок. За оваа намена од централниот буџет се одвојуваат околу 820 милиони денари.

Значи, сите оние кои со најавата на намалувањето на персоналниот данок од доход во Република Македонија со право беа загрижени дека ќе се намалат некои приходи при некои институции, можат да бидат сигурни дека Владата на Република Македонија има компезаторски мерки преку овие ставки.

Понатаму се обезбедуваат средства на Фондот за здравствено осигурување во износ од 400 милиони денари како трансфер од Централниот буџет, согласно преземената реформа за хармонизација на основиците за плаќање на социјалните придонеси.

На крај се покрива транзицискиот дефицит на Фондот за ПИОМ во износ од 1.815 милиони денари, која проекција е согласно планираниот број на осигуреници кои се зачленети во вториот пензиски столб. Тоа е цената која и наредната година како и во 2006 година ќе треба да ја

сносиме од оваа значајна реформа на пензискиот систем во Република Македонија.

Почитувани дами и господа вака конципираната фискална политика презентирана преку Буџетот на Република Македонија кој го имате пред себе за 2007 година и пропратните документи, а поддржана од меѓународните финансиски институции, склучени аранжмани со Светската банка и ММФ ја зајакнуваат позицијата на Република Македонија во преговорите за членство во Европската унија и НАТО.

Притоа во текот на годината ќе биде следено вкупното остварување на сите политики за кои Владата цврсто верува дека ќе ги реализира, а резултатите нема да изостанат.

Затоа почитувани, искрено ви препорачувам да го прифатите предложениот буџет.

Ви благодарам на вниманието.

(Аплауз)

**Иван Анастасовски:** Му благодарам на министерот за финансии.

Пред да ја затвориме денешната работа на Собранието би ги замолил службите утре пред почетокот на работата да биде поделено експозето од министерот за финансии господинот Трајко Славески.

За денеска ја затворам работата на Собранието, продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,45 часот)